**„АЛО - ПЕНЗИОНЕРСКИ ПРАШАЊА“**
**СЕКОЈ ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК ОД 10 ДО 12 ЧАСОТ**
**02/3213 227**

ЕМИСИЈАТА „ТРЕТА ДОБА“ СЕ ЕМИТУВА СЕКОЈА САБОТА ВО 13.20 ЧАСОТ НА МТВ 1
ЕКИПАТА МЕСЕЧНО ПОДГОТВУВА 2 ПРЕМИЕРНИ ИЗДАНИЈА, А ПО ЕМИТУВАЊЕТО НА ПРЕМИЕРАТА, СЛЕДНАТА САБОТА ВО ИСТИОТ ТЕРМИН СЕ ЕМИТУВА РЕПРИЗНОТО ИЗДАНИЕ
ЕМИСИИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНО СЕ РЕПРИЗИРААТ ВО ДРУГИ ТЕРМИНИ, НА МТВ 1 И НА САТЕЛИТСКАТА ПРОГРАМА

СЗПМ
БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИ И ЗА ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ

# ПЕНЗИОНЕР плус

24 март 2023 година
број 176

Година XVI Излегува еднаш месечно
www.szpm.org.mk e-mail: vesnik@szpm.org.mk СЗПМ тел. 02 3223 710

ISSN 1857-7660

NLB Banka

Седница на Советот за социјална сигурност при Министерството за труд и социјална политика

## Усогласувањето на пензиите - резултат на заедничка соработка

На 16 март 2023 година заседаваше Советот за социјална сигурност на кој покрај членовите на Советот присуствуваше Премиерот Димитар Ковачевски и Министерката на Министерството за труд и социјална политика.

Советот за социјална сигурност при Министерството за труд и социјална политика во Владата на Република Северна Македонија е основан со закон заради заштита и промоција на социјалните права и интереси на корисниците на пензија и преземање мерки за унапредување на социјалната положба и интеграција и подобрување на животниот стандард на корисниците на пензија.

Советот за социјална сигурност ги има следните ингеренции:

1. Ги следи, проучува и оценува влијанието на мерките на економската и социјалната политика врз социјалната положба на корисниците на пензија;
2. ги разгледува ефектите од имплементација на законите и проектите за пензионерите и предлага мерки и активности за подобрување на стандардот на корисниците на пензија до Владата на Република Македонија;
3. дава мислења по предлози на закони од областа на социјалното осигурување и социјалната заштита и
4. дава мислења и предлози на Министерот за труд и социјална политика во врска со прашањата утврдени со овој закон.

На седницата повеќе прашања беа во врска со усогласувањето на пензиите, влијанието на мерките на економската и социјалната политика врз социјалната положба на корисниците на пензија.

На седницата имаше богата дискусија, а по седницата се одржа прес–конференција на која присуствуваа Премиерот Димитар Ковачевски, Министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска и јас Станка Трајкова, претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите.

Претседателот на Владата на РС Македонија Димитар Ковачевски во своето обраќање до граѓаните и медиумите на прес–конференцијата рече:

– Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувана министерке Тренчевска, почитувана претседателке на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Трајкова.

Денеска Советот за социјална сигурност одржа редовна седница на која се усвои уште едно зголемување на пензиите и сега просечната пензија од 17.666 ќе се зголеми на 19.150 денари. Ако зборуваме во проценти зголемувањето на мартовската пензија согласно со методологијата ќе биде зголемување од 8,4 % што е и повеќе од очекуваното.

Во оваа 2023 година освен ова мартовско усогласување на пензиите, уште едно ќе следи во септември, усогласено според трошоците за живот и порастот на просечната плата, што значи за една календарска година, растот на пензиите ќе биде околу 16%. Или од првиот ден на оваа Влада, јануари минатата година со покачувањата на пензиите кои се случија во минатата година, во март и во септември, заедно со ова покачување и покачувањето кое следи во септември, пензиите ќе бидат поголеми за 25% што никогаш досега во историјата на државата се нема случено.

Товарот на кризата не дозволивме да биде ставен на грбот на оние што не можат повеќе да заработуваат од тоа што го имаат како пензија. Затоа се залагав да се направи системска промена со која ќе им овозможиме на нашите највозрасни категории граѓани на стари години по пензионирањето секој да ужива во плодовите од својот поранешен труд.

Владата со кои направивме методологија, со единствена цел за квалитетен живот на нашите возрасни граѓани.

Владата ќе биде секогаш позади пензионерите. Тоа го покажавме и во време на економската криза, согласно со економските и финансиските можности, направивме се што беше корисно и добро и што ја подобри материјалната положба на пензионерите.

Во пакетот антикризни мерки одвоивме финансиска помош за пензионерите, кои примаат пензии помали од 14.000 денари.

Продолжуваме понатаму, овозможуваме достоинство во пензионерските денови, бидејќи пензионерите ги заработија своите пензии, и никој не им ги подарува. Со оваа методологија која ја усвоивме минатата година за покачување на пензиите двапати во годината, веќе пензионерите нема да бидат предмет на политички кампањи, на произволни одлуки на поединци, институции, политички партии или влади.

Независно од тоа покачувањето на пензиите ќе се прави 2 пати годишно усогласено со трошоците за живот и порастот на просечната плата. Ова е големо достигнување кое го направивме минатата година и заедно со Сојузот на здруженијата на пензионерите ќе продолжиме и понатаму да го унапредуваме и стандардот и животот на пензионерите.

На прес–конференцијата, јас Станка Трајкова, Претседателка на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, меѓу другото истакнав:

– На денешната седница на Советот на социјална сигурност се третираше материјалниот статус и интеграцијата на пензионерите во нашето општество. Кога станува збор за усогласување на пензиите односно нивното зголемување, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е во постојано заседание бидејќи секојдневно пензионерите ги поставуваат следните прашања: колку ќе биде зголемувањето, кога ќе биде исплатено и дали со ист процент ќе се зголемат сите пензии.

Логично е да се поставуваат вакви прашања особено во услови кога има неизедначеност во растот на параметрите: трошоци на живот и платите.

Со новата методологија ова прашање се надмина бидејќи непосредно и директно се применува Законот за ПИО без да се носат подзаконски акти, туку процентот се одредува со доследна примена на членот 37 од споменатиот закон врз основа на официјални статистички податоци.







Како што ви е познато, направивме методологија со која пензијата двапати годишно ќе се усогласува, и тоа на 1 март и на 1 септември секоја година според процентот на зголемувањето на индексот на трошоците на живот во претходното полугодие и процентот на порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи.

Усогласувањето на пензиите почна од септември минатата година.

Септемвриските пензии се усогласија согласно со овој комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоци на живот, пензиите се зголемија во висина од 6,8%, со што пензијата од 16.348 денари се зголеми на 17.666 денари. Со овој начин на усогласување на пензиите се овозможува реален пораст на пензиите во однос на платите, односно како што ќе пораснe просечната плата, во континуитет растат и пензиите.

Во оваа прилика сакам да нагласам дека од голема важност за нас како Влада е и многу успешната соработка и квалитетниот дијалог со Сојузот на здруженијата на пензионерите, заедно со експертите, ресорните министерства, пензиските друштва, партијата на пензионерите, останатите коалициони партнери во

– Усогласувањето на пензиите се врши согласно со методологијата 50% трошоци од пораст на просечната исплатена плата и 50% од порастот на животот на трошоците во РСМ, септемвриските пензии се усогласија во 2022 година согласно со овој комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот и ја зголемивме, односно усогласивме тогаш пензијата за 6,8%. Зголемувањето сега со мартовската пензија, којашто пензионерите ќе ја добијат на крајот од месец март, некаде 27 март ќе започне исплатата на пензиите, ќе биде зголемена, односно усогласена за 8,4% и со тоа просечната пензија од 17.666 денари се зголемува на 19.150 денари, – истакна на прес–конференцијата министерката Тренчевска.

Инаку, покрај пензијата преку која се обезбедува материјалната сигурност на пензионерите, особено се битни и мерките кои се носат надвор од пензискиот систем, како што беа антикризните мерки каде што на двапати беа опфатени пензионерите како предлози на Сојузот.

Посебно за истакнување е потребата за зголемување на лимитот за болничко лекување на пензионерите, за што Министерката рече дека се работи сериозно за да се усвои овој предлог, како и да се обезбеди субвенција за огревно дрво и сместување во старски домови за пензионерите со ниски пензии.

Има и нови предлози и форми за подобрување на животот на пензионерите кои Сојузот постојано ги доставува до надлежните институции.

Се надевам дека со време едно по едно прашање и проблем ќе бидат разрешени, на општо задоволство на сите.

**Станка Трајкова,**
**Претседателка на Сојузот**
**на здруженија на пензионери**
**на Македонија**

**Терминот на емитување на емисијата „Трета доба“ се менува и не е постојан од програмски причини на МТВ**

### ВО ОВОЈ БРОЈ...

АКЦЕНТИ ОД ИЗВЕШТАЈОТ НА СЗПМ ЗА 2022 стр. 2
ЗА ПАТОТ И КАКО СЕ КОРИСТАТ СРЕДСТВАТА ОД ЧЛЕНАРИНАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ стр. 3
СЕДНИЦИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ стр. 4 и 5
ИНФОРМАЦИЈА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ стр. 7

ЛИЧНА КАРТА НА ЗП КИЧЕВО стр. 8
ОСМОМАРТОВСКО ДРУЖЕЊЕ стр. 9
МИНИСТЕРКАТА ТРЕНЧЕВСКА ВО ПОСЕТА НА ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР - ЧАИР стр. 11
POETI ISMAIL GANIU DHE LIBRI "FJALËT E MIA" стр. 12
МАНИФЕСТАЦИЈАТА „БЛАКЦЕТО НА БАБА“ ПО 28 ПАТ стр. 16

**ЌЕ ИЗЛЕЗАТ**
**20 април**
**- Прилог за пензионери во „Коха“**
**28 април**
**„Пензионер плус“**

Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Banka

# Акценти од Извештајот за работа на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија за 2022 година

Првенствена задача на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија отсекогаш е развојот и унапредувањето на пензионерската организација, со перманентно внесување на нови форми и содржини.

Во Извештајот за работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за 2022 година, се дадени комплетни податоци и образложенија за остварување на улогата на Сојузот со кусо образложение на реализираните активности, бројот на пензионерите, просечните пензии, финансиското работење на Сојузот, како и критички осврт на тоа што е сработено со насока за унапредување на истите.

Работата на Сојузот во 2022 година се одвиваше во порелаксирани услови, со завршувањето на пандемијата предизвикана од вирусот ковид 19, во која година се оствари планираните активности. Оваа година беше прогласена како година на „Рурален пензионер“ за што посебен акцент беше даден на социјално–хуманитарната дејност, помагајќи ги пензионерите од руралните населени места.

Исто така, во 2022 година, се оствари заложбата на Сојузот за измени и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување во делот на усогласување на пензиите, во формулата за усогласување на пензиите, покрај делот од порастот на трошоците на животот да биде вграден и дел од порастот на платите на сите вработени во еднаков процент.

Значајна придобивка на Сојузот во 2022 година е добивањето на статус од јавен интерес од Владата на РС Македонија.

Во 2022 година успешно се реализирани регионалните и републичките спортски натпревари и ревиите на песни, музика и игри и сите други активности предвидени со Програмата за работа за 2022 година.

Примарна задача на Сојузот е зачувување на животниот стандард на пензионерите преку редовна исплата на пензиите и нивно усогласување. Материјалната и социјалната положба на корисниците на пензија, се одржува и подобрува преку заштита на стекнатите материјални права со прописите од пензиското и инвалидското осигурување и преку унапредување и проширување на тие права на постојните и идните пензионери.

За таа цел Сојузот следејќи ги економските движења и нивното влијание врз животниот стандард на корисниците на пензија, на Владата и предлага соодветни мерки за подобрување на материјалниот статус на корисниците на пензија. Пензиите во РС Македонија во изминатиот период редовно се усогласуваа со економските движења со порастот на платите или трошоците на животот или комбинирано, со порастот на платите и порастот на трошоците на животот во еднаков процент.

Сојузот постојано доставуваше барање до Министерството за труд и социјална политика и Владата на РС Македонија за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување за промена на формулата за усогласување на пензиите. На почетокот на 2022 година беше прифатено барањето на Сојузот во делот на усогласување на пензиите со нова методологија. Со измените на членот 37 од Законот за ПИО е утврдено дека усогласувањето на старосната пензија се врши според движењето на индексот на трошоците на животот во висина од 50% и пораст на просечно исплатената плата на сите вработени во РСМ во висина од 50%. Пензиите се усогласуваат на 1 март и 1 септември секоја година според процентот кој се добива како збир на порастот на индексот на трошоците на животот во претходното полугодие и процентот на просечно исплатената плата на сите вработени во РСМ, во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи. Меѓутоа, Сојузот ќе се ангажира за унапредување на формулата за усогласување на пензиите, односно се предлага пензиите да се усогласуваат од 1 јануари и 1 јули тековната година и ќе се обезбеди тековно усогласување за цела година а и предлага нова регулатива, да се надмине проблемот со тековно усогласување во првата година кога се остварува правото на пензија.

Согласно со правилникот за учество за обезбедување на финансиски средства на здруженијата на пензионери, СЗПМ на здруженијата кои се домаќини на регионалните ревии на песни, музика и игри во 2022 година им додели по 40.000 денари на секое од нив или вкупно 640.000 денари. На ЗП Охрид се доделени 20.000 денари за организирање на републичките спортски игри.

За поддршка на помалите здруженија за изградба или адаптација на клубови на пензионери, за адаптација на работни простории, за одбележување значајни настани и отворање потстраница во страницата на Сојузот, беа доделени средства на ЗП Крушево за адаптација на клуб, ЗП Валандово за опремување на клуб, ЗП Македонска Каменица за адаптирање на простории, ЗП Демир Хисар за реновирање на клуб, ЗП Воени пензионери за одбележување на јубилеј. Вкупно по сите основи е доделена поддршка во износ од 820,000 денари. Доделени се средства и на здруженија кои организираа масовни пензионерски средби.

Со цел поттикнување на издавачката дејност и творештвото, а заради исполнување на развојот и творештвото во третата животна доба, чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство, СЗПМ и оваа година објави оглас за финансиска поддршка на издавачката дејност и творештвото. На огласот во 2022 година се јавија 26 кандидати од кои Сојузот даде поддршка на 17 автори, согласно со утврдените критериуми со Правилникот за доделување финансиска поддршка.

И во 2022 година Сојузот ги одржа осумте регионални ревии на песни, музика и игри и Републичката ревија на песни, музика и игри. На 12–тата републичка ревија на песни, музика и игри покрај домаќините на регионалните ревии, настапија уште шест здруженија. Републичката ревија заедно со 20–тите јубилејни регионални ревии на песни, музика и игри, Министерството за култура и оваа година финансиски ги поддржа, потенцирајќи дека пензионерите се верни чувари на културното богатство, традицијата и идентитетот и како манифестации од национален карактер на нашата земја. По завршување на фолклорните регионални ревии на песни, музика и игри се одржа 12 јубилејна Републичка фолклорна ревија на песни, музика и игри на 31 мај во Скопје во ресторанот „Ритуал“ во сала со отворен покрив. И овој пат пензионерите се претставија со убави македонски, албански, влашки и ромски песни проследени од народни изворни инструменти, облечени во народни носии од своите региони. По завршувањето на Републичката ревија ИО при Сојузот ги одбра ЗП Кисела Вода и ЗП Кавадарци за учество на фестивалот „Трета животна доба“ во Љубљана од 27 до 29 септември 2022 година. Овој фестивал е најголем од овој тип во Европа на кој пензионерите во културната програма се претставуваат со настапи на своите групи, во едукативната програма, можат да се информираат за најактуелните проблеми поврзани со староста, а во изложбениот дел да се запознаат со производи и апарати наменети за унапредување на здравјето и активното стареење. На фестивалот во културната програма настапија пејачи од Словенија, Македонија, Италија, Хрватска и Унгарија.

И оваа 2022 година, 26–ите регионални спортски натпревари во организација на Сојузот се одржаа во осум региони. На натпреварите беа изоставени спортските дисциплини, шах и тегнење јаже поради немање можност да се испочитуваат мерките за заштита од ширење на заразата. Во оваа година, на 14–ти септември се одржаа по 26–ти пат јубилејните републички спортски натпревари. Домаќин беше ЗП Охрид и Дебрца. Најдобри резултати во поединечна и екипна конкуренција постигнаа спортистите од ЗП Охрид и Дебрца на кое му припадна и преодниот пехар.

Здравствената заштита на корисниците на пензија е од особено значење, за што Сојузот преку активности за следење и подобрување на здравствената заштита на пензионерите се ангажираше за обезбедување на што поквалитетна здравствена заштита. Исто така, се препорачуваше да се зголемат активностите во здруженијата на пензионерите, членки на Сојузот, во областа на социјалната заштита на пензионерите со доделување парична помош и хуманитарни пакети со основни животни прехранбени производи и хигиенски препарати на социјално загрозените, изнемоштени и болни пензионери. Тоа особено дојде до израз со прогласување на 2022 за година на „Рурален пензионер 2022 година“. За остварување на овие цели Сојузот континуирано секоја година доставува барање до Министерството за здравство да се промени позитивната листа на лекови, со замена на нови поквалитетни лекови, ослободување од партиципација за болничко лекување за сите возрасни луѓе над 65 години, признавање на трошоците за лекување во приватните здравствени установи до цените на државните здравствени установи, изградба на геријатриски простор во дел на неискористените простории во општите болници, тимско функционирање на теренски лекари и подвижни аптеки во рурални средини, одобрување боледување на деца за нега на родител, бесплатни мали стоматолошки интервенции и друго. Исто така, барање на Сојузот е укинување на целосна партиципација да се ослободат пензионерите кои имаат пензија до 18.000 денари. Како позитивен епилог на наведените активности во почетокот на 2023 година се потпиша Меморандум за соработка помеѓу Сојузот и Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошкиот факултет – Скопје за давање на бесплатни стоматолошки услуги на пензионерите кои живеат на територијата на Скопје, како и на пензионери од други градови со претходно најавување.

И оваа година Координативното тело на активи на пензионерки ја следеше активноста на активите на пензионерки преку нивните извештаи. Се следеше застапеноста на жените во пензионерските здруженија со препорака за поголема застапеност на жените пензионерки во органите и телата во здруженијата каде што се носат одлуки. Во хуманитарната дејност акцент во 2022 година се даде на посетата на пензионери од руралните средини, бидејќи како што претходно е наведено оваа година беше прогласена како година на „Рурален пензионер 2022 година“

Сите активности на Сојузот се насочени во интерес на луѓето од третата доба. Во тој контекст 2022 година беше прогласена за година на рурален пензионер и е посветена на старите луѓе во руралните средини. Со овој проект Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија конкурираше преку Црвениот крст на РС Македонија за средства во рамките на грант–договорот „Зајакнување на отпорноста на постарите лица и лицата со попреченост за време на ковид–19 и идни катастрофи“ со Европската унија. Проектот „2022 година на Рурален пензионер“ како корисен и соодветен беше прифатен и беше потпишан договор помеѓу Црвениот крст на РС Македонија и Сојузот. Грантот изнесува 5.700 евра и средствата ќе бидат реализирани исклучително за помош на старите луѓе во руралните средини, во вид на помош и поддршка, особено на пензионери со ниски пензии, болни и изнемоштени.

Врз основа на евиденцијата и статистичките податоци на Сојузот најголем број членови, членки на здруженија, има Сојузот 286.302 членови, додека трите сојузи на здруженијата со корисници на инвалидска пензија имаат 24.731 членови.

Во надлежност на Регистрираната организација е распределбата односно доставување средства по основ на членарина и ажурирање на евиденцијата на членството. Покрај ова Регистрираната организација ја следи состојбата со исплатата на средства за солидарен фонд за починати корисници на пензија, а административната работа ја врши стручната служба на СЗПМ. Согласно со одлуката на сојузите, односно на Одборот на Регистрираната организација, висината на посмртната помош во 2022 година изнесува 30.000 денари, а задршката за солидарен фонд – посмртна помош 150 денари, со важност од задршката за февруарската исплата на пензии. За распоред на членарината според членството на секое здружение, Регистрираната организација води евиденција за членството, според податоци добиени од Фондот. Во размената на податоците на почетокот на 2023 година од страна на Фондот до Сојузот беше доставено ЦД со обработени податоци заклучно со 31.12.2022 година, опфаќајки го целото портфолио на членството. По доставените податоци во ЦД истите беа повторно обработени од страна на стручната служба коригирани според адресни податоци на корисниците на пензија.

Со Финансискиот план на Сојузот за 2022 година, за остварување на програмираните цели утврдени со Програмата за работа за 2022 година, беше планирано финансиското работење да се оствари со вкупни приходи и вкупни расходи во износ од 9.625.061 денар. Вкупните приходи во 2022 година се остварени во износ од 9.608.284 денари, што е во рамките на планираните средства (99,8 %), што се должи на редовната исплата на пензиите во 2022 година. Расходите на Сојузот се извршени во износ од 9.024.083 денари.

Во 2022 година преку информирањето главно се афирмираа постигнатите резултати на Сојузот и на здруженијата на пензионерите, членки на Сојузот. Во 2022 година беа одбележани сите поголеми и позначајни активности, иницијативи и проекти на Сојузот и на сите 53 здруженија, членки на Сојузот, главно преку весникот „Пензионер плус“ и весникот „КОХА“, веб–страницата на Сојузот и емисијата „Трета доба“. По повод 20 септември Денот на пензионерите на Македонија, беше одржано и поетско читање во Сојузот и беа доделени признанија на најактивните 5 здруженија на хуманитарен план, главно преку извештаите и дописите во весникот „Пензионер плус“ во рамките на проектот „Рурален пензионер 2022 година“. Во весникот „Пензионер плус“ беа покриени 20–тите регионални ревии на песни, музика и игри од 8 региони и 12–тата републичка ревија на песни, музика и игри, како и претставувањето на Сојузот на Фестивалот „Трета животна доба“ од страна на ЗП Кисела Вода и ЗП Кавадарци. Исто така, со весникот „Пензионер плус“ беа покриени и 26–ите регионални спортските натпревари, како и републичките натпревари кои оваа година се одржаа во Охрид.

Покрај весникот „Пензионер плус“ редовно месечно излегува и една страница за пензионерите во „КОХА“ на албански јазик. Објавените содржини во весникот беа информативни, едукативни, творечки и забавни најчесто поврзани со активниот ангажман на здруженијата, како на ниво на здружение така и на ниво на поединци.

Во 2022 година весникот „Пензионер плус“ излегуваше во 5 500 примероци, истиот е примен и читан со голем интерес од пензионерите. Информирањето на пензионерите во земјата, но и пошироко, се вршеше и преку веб–страницата на Сојузот. Во 2022 година афирмирана беше и слободната линија „Ало пензионерски прашања“, што се покажа како корисен проект.

Седниците на органите и телата на СЗПМ во 2022 година беа планирани врз основа на Програмата за работа на Сојузот, актуелните потреби и прашања кои ги ставаа во движење здруженијата и членовите на соодветните органи и тела. Собранието на Сојузот во 2022 година одржа две седници и тоа: седмата и осмата седница. Извршниот одбор на Сојузот во текот на 2022 година одржа единаесет седници. Надзорниот одбор на СЗПМ во 2022 година својата активност ја насочи во остварување на Програмата за работа на Надзорниот одбор како и други теми кои беа актуелни во извештајната година. Како што е познато Надзорниот одбор има цел да обезбеди законско, економично, рационално и наменско користење и располагање со средствата, а со тоа, да се овозможи непречено да се реализираат програмските цели и задачи утврдени со Програмата на Собранието на СЗПМ. Во календарската 2022 година, Надзорниот одбор одржа пет седници. Седниците на комисиите и другите работни тела се одржуваа според нивната програма по потреба или по барање на претседателите на тие тела.

**КОНСТАТАЦИИ И ЗАКЛУЧОЦИ**

1. Активностите во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во 2022 година се остваруваа согласно со Програмата за работа за 2022 година, Статутот и другите општи акти.

2. Во 2022 година се оствари заложбите на Сојузот за измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување во делот на усогласувањето на пензиите да се промени формулата за усогласување на пензиите со вградување и на порастот на платите на сите вработени.

3. Во 2022 година СЗПМ доби статус од јавен интерес со Решение бр.6879/1 од 27.9.2022 година на Владата на Република Северна Македонија.

4. Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија како вршител на административните работи за Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина постигна значителни резултати во уточнување на податоците на членовите во здруженијата на пензионери. Исто така, навремено донесуваше одлуки за надминување на проблемите со исплатата на посмртната помош, што настана како резултат на зголемената смртност за време на пандемијата и редовно ја доставуваше членарината до здруженијата и сојузите на инвалидските пензионери.

5. Во 2022 година беа интензивирани активностите за враќање на пензионерските домови на здруженијата на пензионери изградени со средства на пензионерите каде што се исполнети условите. Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, ја прогласи 2022 година како година на Рурален пензионер. Со овој проект конкурираше во рамките на проектот на Црвениот крст и доби средства во износ од 5.700 евра како грант од Европската унија.

Скопје, февруари 2023 година

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА СЗПМ бр. 02-01/161-6 27.2. 2023 год. СКОПЈЕ

Врз основа на член 53 став 2 од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" бр.52/10 и 135/11) и член 15 точка 3 од Статутот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на предлог на Извршниот одбор, Собранието на Сојузот на редовна седница, одржана на ден 27.02 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Годишната сметка и распоредување на нето вишокот на приходи за 2022 година**

Член 1

Се усвојува Годишната сметка за 2022 година на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија по претходно добиениот Извештај од Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење со следните остварени финансиски резултати од работењето и тоа:

| | |
|---|---|
| **1. Вкупни приходи** | **9.608.284,оо денари** |
| - Приходи од членарина | 8.699.034,оо денари |
| - Други прихиоди | 909.250,оо денари |
| **2. Вкупни расходи** | **9.024.083**,оо денари |
| - Функционални расходи | 4.413.249,оо денари |
| - Интелектуални услуги | 1.291.838,оо денари |
| - Други расходи | 3.318.996,оо денари |
| **3. Нето вишок на приходи ( добивка )** | **584.201,оо денари** |

Член 2

Остварениот нето вишок на приходи (добивка) за деловната 2022 година во износ од **584.201,оо** денари се распоредува целосно во извори на средства за други намени

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со нејзино донесување.

**Претседател на Собрание на СЗПМ**

**Илија Адамоски**

# За патот и како се користат средствата од членарината на пензионерите

На 3.3.2023 година на барање на новинарката на ТВ 24, Билјана Секуловска, имаше средба во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Новинарката дојде со цел да дознае каде се трошат парите од членарината на пензионерите.

На средбата беше објаснето сѐ, а меѓу другото дека Сојузот работи јавно и транспарентно, а докази за тоа има и познати и се на јавноста.

Средствата за членарина, со согласност на пензионерот, ФПИОСМ ги доставува до Регистрираната организација за солидарен фонд за посмртна помош и членарина, на посебна сметка определена од 4–те сојузи. Овие средства сојузите ги распределуваат до здруженијата, нивни членки. Тоа значи дека патот е добро познат и регулиран со соодветна правна рамка. Во оваа постапка СЗПМ ја врши само административно–техничката работа за потребите на Регистрираната организација за солидарен фонд за посмртна помош и членарина.

Основно и главно прашање на новинарката беше каде се трошат средствата од членарината на пензионерите и дали е познат патот на нивното движење. Беше даден следниот одговор:

1. Здруженијата на пензионери средствата од членарината ги користат според своите програми и финансиски планови под контрола на нивните надзорни одбори, како и надлежните институции во државата.

2. Иако здруженијата на пензионери се самостојни правни субјекти, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија има донесено Одлука за утврдување единствени критериуми за материјално–финансиско работење на здруженијата и Сојузот. Со оваа Одлука утврдени се намените за кои се користат средствата од членарината со дикција „од–до“ и во тие рамки здруженијата самостојно си носат свои одлуки.

3. Заради големиот интерес како се трошат средствата од членарината, објавен е напис во три весници „Пензионер плус“ во различни временски периоди. Еве само дел од тој напис: отворање и одржување на 450 клубови на пензионери, одржување на пензионерски домови, активности на огранооци, социјално–хуманитарни активности, поддршка на издавачка дејност и издаваштво, традиционални културни и спортски активности заради активно стареење, помош на пензионерите за набавка на огревно дрво, партиципација со средства при бањско лекување, набавка на лекови и на ортопедски помагала и низа др. социјални и солидарни активности како и издавање на бесплатниот весник „Пензионер плус“, билтени и друго.

4. Исто така, закачени се пет (5) години наназад (од 2017 до 2021) годишните сметки на Сојузот и извештаите за работа на Сојузот на веб–страницата на СЗПМ, се објавени и во весникот.

5. Во весникот „Пензионер плус“ се објавува секоја седница на Извршниот одбор и на Собранието на Сојузот, а на нив секогаш се поместени одлуки за секоја финансиска потрошена пара.

6. На 6, 9 и на 12 месеци се подготвува финансиски извештај со анализа на секоја ставка и тоа се усвојува на седници на надлежните органи со извештај на Надзорниот одбор.

7. Исто така, покрај тоа се објавуваат написи од здруженијата на пензионерите од нивните отчетни седници на кои има податоци за нивната работа, иако тие се самостојни правни лица.

И покрај дадените објаснувања, во емисијата емитувана на ТВ 24 на 5.3. 2023 година, не беа објавени овие факти туку на изненадувачки и чуден начин се фрли сомнеж дека не се знае каде одат средствата од членарината на пензионерите. Беа дадени само изјави на двајца пензионери од едно здружение, кои ги „избрале“ од 290 000 пензионери, членови на СЗПМ. Интересно истражувачко новинарство!

На вагата на вистината на едната страна беа ставени двајца пензионери кои се огорчени што не се избрани во некое тело, не биле на некоја екскурзија или се политички поттикнати, а на другата, останатите 290 000 пензионери!

Особено сме изненадени и од непримерниот и без почит разговор со министерката за труд и социјална политика на која новинарката и поставуваше прашања и на кои самата дури одговараше, без да дочека одговор, не потенцирајќи го она што е точно, туку со некакви чудни паузи ги искривуваше нејзините одговори.

**ЗАКЛУЧОК:**

Изразуваме огромно незадоволство заради фрлениот сомнеж каде се трошат средствата од членарината на пензионерите бидејќи ако имало неправилности во трошењето на средствата од членарината, немало да опстанат здруженијата и Сојузот цели 77 години?

Зачудени сме од ваквото „истражување на вистината“ во време кога сите се бориме вистината да види виделина и да бидат тргнати лажните вести и дезинформации кои поттикнуваат немири, сомнежи, дилеми. Се прашуваме зошто е ова потребно и во чиј интерес се поведува сето ова бидејќи ваквото „истражување“ ги урива реномето на ТВ 24 и на многу значајната професија: новинарство, особено што ова се случува токму во време кога пред 2 дена во Сојузот имаше работилница и се потпиша Меморандум за правилно и вистинито информирање.

Од новинарката Билјана Секуловска очекувавме еден поинаков истражувачки пристап во потрага по вистината базиран врз база на факти. Не е јасно од кои причини го згрешила патот при нејзиното истражување?

**Станка Трајкова**
**Претседател на СЗПМ**

**ШЕМАТСКИ ПРЕГЛЕД**
**НА РАСПОРЕД НА СРЕДСТВА ЗА СОЛИДАРЕН ФОНД И ЧЛЕНАРИНА**

**ФОНД НА ПИОСМ** од чл.115 – 117 од Законот за ПИО

← Солидарен фонд за посмртна помош –150,00 ден. и се уплаќа на посебна трезорска с/ка

→ Членарина за Сојузите и здруженијата – 30,00 ден. и се уплаќа на посебна с/ка одредена од 4–те Сојузи

↓

**РЕГИСТРИРАНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА СОЛИДАРЕН ФОНД и ЧЛЕНАРИНА составена од 4-ТЕ СОЈУЗИ на здруженијата на пензионери на Македонија**

↓

**Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија - СЗПМ** – во кој членуваат:
– 194.000 – старосни
– 70.000 – семејни
– 4.000 – инвалидски пензионери во вкупно 53 здруженија

**Национален сојуз на инвалиди на трудот на РМ - НСИТ на РМ** во кој членуваат 9.500 инвалидски пензионери во вкупно 24 здруженија

**Сојуз на здруженија на инвалидски пензионери на РМ - СЗИП на РМ** во кој членуваат 5.500 инвалидски пензионери во вкупно 12 здруженија

**Сојуз на здруженија на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија на РМ - СЗИТ КИП на РМ** во кој членуваат 15.5000 инвалидски пензионери во вкупно 15 здруженија

→ **Одбор на регистрираната организација - ОРО - 7 члена** и тоа:
– 4 члена од СЗПМ
– 1 член од НСИТ
– 1 член од СЗИП
– 1 член од СЗИТ КИП

↓

**ОРО** – работи по свој Правилник за работа и Одлуките ги носи со мнозинство гласови и тоа:
– 7 : 0 или 6 : 1, никогаш 4 : 3 во корист на 4–те членови на СЗПМ

↓

**Надлежности на ОРО** се:
– ја утврдува висината на членарината
– ја утврдува висината на посмртната помош
**- врши распределба на членарината по Сојузите сразмерно на бројот на пензионери на територијален принцип со податоци од ФПИОМ**
– склучува Спогодба со ФПИОМ за постапката на исплата, остаток или недостиг на средствата за посмртна помош
– одлучува по разни барања на Сојузи, здруженија или членови
– врши и други работи пропишани со ЗПИО

Забелешка: Средствата за солидарен фонд – посмртна помош и членарина се утврдуваат согласно условите предвидени со член 116 став 2 од ЗПИО




Последна седница на Собранието на СЗПМ со стариот состав

# Во 2022 година Сојузот работел законски, рационално и економично

На 27 февруари 2023 година, се одржа последната седница на Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Истата ја раководеше претседателот на Собранието м–р Илија Адамоски, а присуствуваше и претседателот на Надзорниот одбор при СЗПМ Митре Стојановски.



Воведно излагање за извештајот за работата на Сојузот за 2022 година поднесе претседателката на Сојузот Станка Трајкова, која меѓу другото рече:

– Почитувани членови на Собранието на СЗПМ, денес ја одржуваме отчетната седница за 2022 година, година која е последна од мандатниот период 2019 – 2023 година. За разлика од претходните три, 2022 година беше карактеристична по тоа што работевме во порелаксирани услови.

Активностите во Сојузот и здруженијата во 2022 година започнаа да се одвиваат нормално на радост на пензионерите. Исклучок беше само кај спортските натпревари каде што беа изоставени две дисциплини заради претпазливост од Ковид 19.

И овој извештај за работа, гледано од методолошки аспект, подготвен е на ист начин како и извештаите од претходните години и во него се опфатени сите активности утврдени со статутот на СЗПМ и Програмата за работа. Беа опфатени редовните програмски активности и сите позитивни резултати што ги постигна Сојузот, меѓу кои би ги потенцирала добивањето на СЗПМ за организација од јавен интерес и добивањето на Грант од Европската унија преку Црвениот крст на Македонија. Во Извештајот изнесени се и резултатите од работата и на здруженијата, членки на Сојузот. Извештајот за работа како предлог претходно беше разгледан и од ИО на Сојузот, каде што имаше богата дискусија по што беше оценет како квалитетен и аналитичен. Во моево обраќање ќе се задржам само на неколку теми и активности, но темата материјалниот статус на корисниците на пензија е главна и неизоставна тема која е постојано во фокусот на Сојузот. Во 2022 година за првпат во Сојузот, претставниците од Сојузот заедно со одреден број здруженија директно и непосредно разговараа со Владата околу промена на формулата за усогласување на пензиите, а од страна на Сојузот беа дадени и одредени предлози кои беа прифатени. Благодарение на таа нова методологија, заслужува да се спомене дека од 1 јануари 2022 пензиите беа усогласени за 2,9% а од 1 септември беа усогласени со 6,8% или околу 10%. Со тоа се постигна и зголемување на просечната пензија која сега изнесува 17.729 денари и е 53% од просечната плата во РСМ. Во март се очекува ново зголемување на пензиите. Констатиравме дека има простор да се дадат предлози за унапредување на формулата за усогласување на пензиите, а тоа е усогласувањето на пензиите да се исплатува за 12 месеци, односно предлогот е да се усогласуваат пензиите од 1 јануари и од 1 јули. А исто така вториот предлог е во тековната година сите кои ќе одат во пензија да одат под исти услови. Што се однесува до другите важни работи околу материјалниот статус на пензионерите беа и антикризните мерки кои се краткорочни, но корисни. Исто така, поведена е постапката за донесување на позитивна листа на лекови, којашто е многу важна за пензионерите. Сите сте запознаени дека Сојузот доби статус од јавен интерес и е шеста граѓанска организација со таков статус објавена на веб–страницата на Владата. Тоа е од големо значење, а за тоа ќе мора посебно да се говори со здруженијата, што се добива со стекнување на тој статус, – истакна Трајкова.

По извештајот имаше дискусија и потоа едногласно беше усвоен.

Објаснување на Финансискиот извештај за 2022 година, даде Менка Темелковска, секретар на ИО при СЗПМ која рече:

– За извршување на планираните задачи во 2022 година утврдени со Програмата за работа на Сојузот остварени се:

Вкупни приходи во износ од 9.608.284 денари, од кои 8.699.034 денари приходи од членарина или 90,5% од вкупните приходи и 909.250 денари од други приходи или 9,5% од вкупните приходи. Приходите од членарина се повисоки за 1,9% во споредба со остварените приходи во 2021 година, а во споредба со планираните приходи се остварени со 99,4%. Порастот на приходите се резултат на зголемениот број членови во здруженијата на пензионери, членки на Сојузот.

Со остварените приходи извршени се следните расходи:

Функционални расходи 4.413.249 денари или 48,9% од вкупните расходи од кои за „Пензионер плус“ 1.720.629 денари; спортски активности 588.104 денари; за културен и забавен живот 744.489 денари или 70% во однос на функционалните расходи.

Други расходи изнесуваат 3.318.996 денари од кои 833.824 денари за адаптација на работни простории; 180.000 денари за здруженија на пензионери; 173.419 за пакети или вкупно за овие расходи 1.187.275 денари или 35,8% во однос на вкупните расходи.

Интелектуалните услуги се остварени во износ од 1.291.838 денари и истите се на ниво на остварените вкупни приходи од 2021 година.

Од изложеното може да се констатира дека Сојузот во 2022 година оствари позитивен финансиски резултат како резултат на остварените планирани приходи и рационално и економично трошење на средствата од приходите.

Мислење на Надзорниот одбор за Извештајот поднесе претседателот на НО Митре Стојановски, кој рече:

– Навистина Сојузот станува од година во година се посериозна организација. Заклучокот на НО е дека Извештајот ја отсликува реалната состојба на реализираните активности во 2022 година и целосно е прифатен. Извештајот Надзорниот одбор го разгледа ставка по ставка. Крајниот финансиски резултат е позитивен и изнесува 584,201 денар или 51% помалку од лани. Заклучок на НО: Извештајот за остварените приходи и расходи за 2022 година ја покажува реалната финансиска состојба и ги содржи сите елементи на забележливо рационално и економично користење на средствата. Пописот е извршен исклучително во рокот, многу добро направен, и согласно со правилникот по законот за непрофитни организации. Заклучокот е прифатен едногласно.

Едногласно прифатени беа и предлогот за Финансискиот извештај на НО и Годишната сметка.

Потоа потпретседателот на ИО на СЗПМ и претседател на ОРО Ментор Ќоку информираше за состојбите во солидарниот фонд и членарина:

– Поради пандемијата бројот на смртните случаи, особено кај пензионерите беше поголем. Тогаш се појавија многу иницијативи, имаше многу критики на сметка на ОРО. Меѓутоа ние како одбор настојувавме да ги стабилизираме. На 8 февруари немавме исплатено за 1 351 случај. Просекот на чекање сега е нешто повеќе од еден месец. Се очекува до постоечката задршка која важи до јуни 2023 година да се подмири и ова заостанување. Очекуваме дека состојбата ќе се нормализира до таа мера да може да се ублажи, и времето на чекање да биде под еден месец. Во моментов мал е бројот на баратели на кои не им се исплатени средства, главно што нивните сметки во меѓувреме се згаснати.

Едногласно беше прифатена и оваа информација.

**СЗПМ**

Триесет и деветта седница на ИО на СЗПМ

# Во 2022 година Сојузот активен на сите полиња

Извршниот одбор на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија својата 39. седница ја одржа во средината на февруари 2023 година. Покрај членовите на Извршниот одбор, присуствуваа: м–р Илија Адамоски, претседател на Собранието на СЗПМ и Митре Стојановски, претседател на Надзорниот одбор на СЗПМ. Седницата ја раководеше претседателката на СЗПМ Станка Трајкова. Покрај предлог–извештајот за работата и активностите на Сојузот за 2022 година и предлог–финансискиот извештај за 2022, како и извештајот на Надзорниот одбор, на дневен ред беа поставени и други значајни предлог–одлуки и информации.



Воведно излагање за извештајот за работа на Сојузот за 2022 година, имаше претседателката Станка Трајкова, која ги наброја и кусо ги образложи активностите. Извештајот за работата, од дискутантите, беше оценет како детален, сеопфатен и квалитетен. Беше заклучено дека е дадена точна анализа, што е за секоја пофалба. Членовите на ИО беа едногласни во заклучокот дека резултатите се дело на раководството на Сојузот и на сите 290 илјади пензионери кои членуваат во него и дека според постигнувањата, масовноста и транспарентноста, Сојузот станува асоцијација со европски карактеристики. Овој документ беше едногласно усвоен со следните заклучоци:

1. Активностите на Сојузот во 2022 година се остварувале согласно со Програмата за работа за 2022 година, Статутот и другите општи акти.

2. Во 2022 година се оствариле заложбите на Сојузот за измена на Законот за пензиското и инвалидското осигурување во делот на усогласувањето на пензиите да се промени формулата за усогласување на пензиите со вградување и на порастот на платите на сите вработени.

3. Во 2022 година СЗПМ добил Статус од јавен интерес со Решение бр.6879/1 од 27.9.2022 година на Владата на РС Македонија.

4. Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија како вршител на административните работи за Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина постигнал значителни резултати во уточнувањe на податоците на членовите во здруженијата на пензионери. Исто така, навремено ги донесувал одлуките за надминување на проблемите со исплатата на посмртната помош, што настана како резултат на зголемената смртност за време на пандемијата и редовно ја доставувал членарината до здруженијата и сојузите на инвалидските пензионери.

5. Во 2022 година биле интензивирани активностите за враќање на пензионерските домови на здруженијата на пензионери изградени со средства на пензионерите, каде што се исполнети условите. СЗПМ, ја прогласил 2022 година како година на Рурален пензионер. Со овој проект конкурирал во рамките на проектот на Црвениот крст и добил средства во износ од 5.700 евра како грант од Европската унија.

Што се однесува до предлог–финансискиот извештај на Сојузот за кој воведно излагање имаше Менка Темелковска, секретар на ИО на СЗПМ и извештајот на Надзорниот одбор кој го образложи претседателот на НО Митре Стојановски, беше констатирано дека се работело домаќински според законските одредби. Двата документа беа едногласно усвоени. По овие значајни документи имаше повеќе дискутанти.

На седницата за доставените и исплатени средства од Солидарниот фонд информираше претседателот на ОРО Ментор Ќоку. Беше поднесен извештај и за извршениот попис на имотот, обврските и побарувањата на СЗПМ со состојба на 31.12.2022 година, за што информираше претседателот на НО Митре Стојановски. Исто така, беа донесени и други одлуки за непречено тековно работење на Сојузот во наредниот период.

**СЗПМ**

ЗП Делчево

# Извештајна седница за активностите во 2022 година

Здружението на пензионери на Општина Делчево на 26.2.2023 година го одржа редовното годишно собрание. Покрај другите точки на дневниот ред делегатите го усвоија: извештајот за работа, финансискиот извештај, завршната сметка за 2022 година и Програма за работа со Финансискиот план за 2023 година.

На седницата претседателката на ЗП Делчево прим. д–р Виолета Арсова го образложи извештајот и ги запозна присутните делегати за активностите реализирани во текот на 2022 година. Покрај другите дејности одржани се 8 седници на Извршниот одбор, организирани се повеќе хуманитарни акции, се учествувало во пензионерски дружења во Републиката, организирани се повеќе екскурзии во Републиката и странство и тоа: посета на манастирскиот комплекс во с. Цера, Македонска Каменица; Ораовица, Радовишко; Лесново кај Пробиштип; Смоларски водопади и Лебедовото Езеро кај Ново Село; туристичката сезона Дојран; Рожденскиот манастир во Р Бугарија и други.

Се учествувало на музичките ревии, на републичките и регионалните спортски натпревари на кои се освоени повеќе први и втори места.

Покрај ова, ЗП во соработка со локалната самоуправа, со градоначалникот и Црвениот крст на Општина Делчево се реализирани повеќе хуманитарни акции за помош на стари изнемоштени лица пензионери. Доделени се хуманитарни пакети со храна, хигиенски средства, облека и друго. Одржани се предавања од областа на медицината на кои се вршени проверки на шеќерот во крвта и крвниот притисок на присутните пензионери.

И оваа година изготвени се календари за следната година и бесплатно се доделени на пензионерите од општината.

**Димитар Арсов**

ЗП Лабуништа

# Избрано новото раководство



На 29 јануари 2023 година во просториите на здружението, се одржа конститутивната седница на новоизбраното Собрание на ЗП Лабуништа. Седницата ја водеше досегашниот претседател Лутвија Салоски. Откако се избра работно претседателство, членовите на Собранието едногласно го донесоа Деловникот за работа на конститутивната седница на Собранието, а потоа ја избраа Верификациската комисија која по куса пауза го поднесе извештајот за верификација на избраните членови на Собранието, кое брои 21 член.

Избраната Кандидационата комисија од три члена, го предложи по втор пат Лутвија Салоски за претседател на Собранието и Извршниот одбор. Предлогот беше едногласно усвоен. Едногласно беше усвоен и предлогот на Кандидационата комисија за делегат во Собранието на СЗПМ да биде Тосум Јускоски.

На седницата се конституираше Извршниот одбор од 13 члена, три членови на Надзорниот одбор, и три членови во Комисијата за статутарни и други правни прашања. Исто така беа формирани и комисиите за спорт и култура.

**С. К.**

ЗП Крива Паланка

# Конститутивни седници на Собранието и ИО

Во клубот на пензионери за Дневен престој, по завршените изборни активности во сите ограноци на ЗП Крива Паланка, на 3 март 2023 година се одржа конститутивна седница на Собранието на здружението. Новоизбраните делегати избраа работни тела кои раководеа со седницата. Членовите на Собранието се делегати предложени и избрани од ограноците на Здружението.

На седницата за претседател на Собранието беше избран Веселин Стојановски, на кој повторно едногласно му беше дадена довербата. Тој по изборот се заблагодари на присутните за укажаната доверба и при тоа истакна дека ќе работи според статутот и програмата и продолжи да ја води седницата.



Потоа конститутивна седница одржа Извршниот одбор во новиот состав при здружението. За претседател на здружението едногласно за уште еден мандат беше избран Трајче Давидовски. Тој се заблагодари за довербата и вети дека ќе работи за уште подобар стандард на пензионерите. На седницата едногласно беа избрани и комисиите за Статутарни работи и Надзорен одбор од по три членови, а Благој Николовски беше избран за делегат во собранието на СЗПМ.

**Б. Стојчевска**

ЗП Илинден

# Одржани избори за нов мандат

Здружението на пензионери Илинден, кое е членка на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, а во согласност со препораките на Сојузот, ги распиша и ги спроведе изборите за органите и телата. Најпрво, изборите беа спроведени на собири на пензионери во сите пет разграноци, каде покрај изборот на членови на одборите на разграноците од 5 членови, се предложени и членови за Собранието на здружението.

Конститутивната седница на здружението се одржа на 17 февруари 2023 година, на која за претседател на Собранието е избран Благој Атанасовски и според Статутот, се избрани 11 членови на Собранието, 5 членови на Извршниот одбор кои не се во состав на Собранието и по 3 членови на Надзорниот одбор и Комисијата за статут. За делегат во Собранието на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, е избран Цане Антовски.

Потоа конститутивна седница одржа Извршниот одбор на здружението, во нов состав и на истата за претседател на здружението беше избран Васе Ѓорѓиевски. Овој извршен орган избра и по 3 членови на комисиите: за спорт и спортски активности, за екскурзии и рекреација, културно–забавен живот и здравство и социјални прашања.

При изборот на органите и телата со нови членови, беше почитувана и половата структура.

**В. Пачемски**

ЗП Злетово

# Изборна седница

Со одржувањето на изборните состаноци во ограноците и изборниот собир во ЗП Злетово, на кои беа избрани 11 делегати во Собранието, на ден 11.2.2023 година, се одржа конститутивна седница на новоизбраното собрание на ЗП Злетово.

Според предложениот дневен ред и според статусот на здружението најнапред беше избрано работно претседателство од 3 членови. Потоа беше верификуван мандатот на членовите на новото собрание од 11 членови. Исто така, беа избрани членови на Извршниот одбор и членови на Надзорниот одбор, Статутарна комисија, комисии за здраство, спорт и култура.

За претседател на Собранието беше предложен Димитар Милосов кој со јавно гласање повторно ја доби довербата за мандат од 4 години. За делегат во Собранието на СЗПМ, беше предложен и едногласно избран Јаким Јовановски. Претседателот на Собранието Димитар Милосов, откако се заблагодари за укажаната доверба, истакна дека со целиот свој капацитет ќе работи на реализација за програмата за квалитетно исполнување на пензионерските денови на своите членови со организирање на екскурзии т.е. посети на историски знаменитости и на природни убавини на нашата земја. Инаку, програмата, рече претседателот Милосов, е отворена за дополнување преку целата година. А во моментот во тек се активностите околу обезбедување на пензионерите со огревно дрво за оваа грејна сезона и одбележување на меѓународниот ден на жената 8. Март.

**Д. Милосов**

ЗП Гевгелија

# Позитивно и домаќинско работење

На 7.3.2023 год. пензионерите од ЗП Гевгелија со музика и песна го прославија Денот на жената во Негорски Бањи. Секоја пензионерка беше пречекана со цвеќе и со насмевка.

На 10.3.2023 година, се одржаа првите седници на Извршниот одбор и на Собранието, од оваа година, но истовремено и последните со овој состав на членови. Најпрво се даде едноминутно молчење за Руска Петрова – член на ИО. Седницата на ИО ја водеше претседателот Велин Стоименов, а на Собранието Марија Николова. Според дневниот ред беше разгледан и усвоен извештајот на НО во период од 1.1.2022 до 31.12.2022 година за кое излагање имаше претседателката на НО Ѓурѓа Икономова. Беше разгледан и усвоен финансискиот извештај на здружението и завршната сметка за изминатата година. Детално беа прикажани приходите, расходите и добивката кои го отсликуваат позитивното домаќинско работење.

Претседателот на ИО даде детално излагање за работата на здружението во претходниот период од кое се покажа дека се реновирало по клубовите, на викендичката во Смрдлива Вода, реновиран е стан, отворен е нов клуб и друго. Беше донесен и деловник за работа на изборната седница која ќе се одржи на 20.3.2023 год. Исто така, беа разгледани и прифатени неколку барања за финансиска помош на пензионери како и на КУД Танец – Ѓура Мара од село Миравци.

На крајот, претседателот Стоименов даде излагање за работата на комисиите за станбен и деловен простор, за спорт и рекреација, за културно–забавниот живот и за Активот на жените. Пофални зборови имаше и за претседателката на НО. На претседателите на овие комисии им се заблагодари за нивната успешна работа во изминатиот период и им подари по една книга, со што беа пријатно изненадени. Емотивно обраќање имаше претседателката на НО која рече:

– Изминатите четири години работевме како една фамилија, домаќински со почитување и разбирање, а оваа книга срцето ми го расплака.

**Јанка Узунова**

ЗП Лозово

# Конституирано новото собрание

Општинското здружение на пензионери Лозово ја одржа својата конститутивна седница на 12.2.2023 година.

На седницата се конституираше Собранието, Извршниот одбор и Надзорниот одбор на Општинското здружение на пензионери Лозово.

За претседател на Извршниот одбор по трет пат ѝ се даде доверба на Марија Моневска, досегашен претседател.



За претседател на Собрание на ЗП Лозово е избрана Фина Стојанова.

За делегат во Собранието на СЗПМ, му се даде доверба на Војо Спасовски.

За претседаел на Надзорен одбор е избран Стојимен Стојанов.

Новоизбраните членови ветија дека совесно и успешно ќе ја извршуваат задачата за која добија доверба.

**М. Моневска**

ЗП Центар

# „Работењето во 2022 година за пофалба“

Ова меѓу другото беше констатирано на првата седница на Собранието на ЗП Центар што се одржа на први март, која ја водеше претседателката на Собранието Љубинка Крстева, а на која беше разгледан и усвоен Извештајот на Надзорниот одбор за материјално–финансиското работење на Здружението во 2022 година.

Надзорниот одбор во состав: Петар Јанев претседател и Гоце Грујоски и Слободан Несторовски извршиле контрола на документите и деловните книги и констатирања е следната состојба:



Надзорниот одбор на Здружението констатира дека извори на приходи Здружението има од членарина, закупнина и камата. Врз основа на податоците и изворите на приходите во 2022 година остварило вкупно приходи 6.368.171,00 денари, вкупно расходи 3.668.301,00 денари и остаток на приходи 2.699.870,00 денари. Овие средства Извршниот одбор може да ги распоредува според потребите во тековното работење.

Од увидот на документацијата која ја разгледал Надзорниот одбор не се најдени неправилности и затоа им предложи на членовите на Собранието да ја разгледа и усвои годишната сметка на приходите и расходите на Здружението. Во образложението на седницата, претседателот Злате Стефановски и во дискусијата нагласи дека во 2022 година се работело домаќински, дека Здружението работело јавно и транспарентно што јасно се гледа и од документите. Извештајот по завршната сметка за 2022 година детално, по конта, го образложи претседателот Стефановски. Издвоени се 355.000 ден. за еднократна помош на пензионери од подрачјето на Општина Центар.

Собранието на првата седница во новиот состав ја разгледа и усвои и Програмата за работа на Здружението за 2023 година. Издвојуваме неколку од планираните активности:

- Подготовки за регионалните и републичките фолклорни ревии и спортските натпреварии,
- посета на болни и изнемоштени корисници на пензија преку ограноците и Комисијата за здравство,
- организирање на еднодневни и дводневни екскурзии во нашата земја и во соседните земји,
- организирање на културно–забавниот живот на пензионерите,
- доделување на еднократна парична помош на пензионерите со ниски пензиски примања и друго.

Програмата ќе биде отворена преку целата година за да може да се надополнува со прашања и предлози од интерес на членството на Здружението.

Во соработка со Општина Центар и градоначалникот м–р Горан Герасимовски, ЗП Центар го отвори последниот од Осумте клубови на пензионери во здружението. Свеченият настан на отворањето се случи на 6–ти Март 2023 година, а на него присуствуваа претседателот на ЗП Центар Злате Стефановски и претседателот на Огранокот „Невена Георгиева Дуња“, Владо Лефковски. На отворањето присуствуваше и градоначалникот на општина Центар м–р Горан Герасимовски со неколку советници, како и поголем број пензионери од овој огранок и гости од здружението. Новиот клуб е во Капиштец.

**Ц. Илиева**

ЗП Сарај

# Остварени програмските задачи

На 14.03.2023 година, Собранието на ЗП Сарај, ја одржа првата седница во нов состав која се одржа во салата на Општина Сарај. На седницата покрај членовите на Собранието присуствуваа и членови на ИО, на НО, претседатели на ограноците, како и претставници на: Општина Сарај, на ЗПТИ, ЗП Ѓорче Петров, ЗП Тетово, ЗП Гостивар, успех и рече дека Општина Сарај, во границите на можностите и натаму ќе им помага на пензионерите.

Баки Бакиу, член на ИО и на Собранието, зборуваше за статутарните измени и изборите во Здружението, за одличната соработка посебно со Црвениот крст, за добиеното признание од СЗПМ за придонесот на Здружението



претставници од Црвен крст, претставник на Фондацијата „Албиз“, претставник на „Даути Комерц“ и др.

Со седницата раководеше претседавачот Енвер Алиу, кој откако ги поздрави присутните го предложи дневниот ред кој беше усвоен без измени и дополнувања. На дневен ред на седницата главни точки беа: Извештајот за работа на органите и телата на здружението и Финансискиот извештај за приходите и расходите со Извештајот од Надзорниот одбор.

Потоа Махир Дураку, зборуваше за соработката со: општината Сарај, СЗПМ, други здружејнија членки на СЗПМ, Црвениот крст, приватни компании од кои посебен акцент ѝ стави на компанијата „Даути Комерц“ која дава постојано помош на здружението и др.

Претставникот на Општина Сарај, секретарот Џелал Јакупи, ги поздрави присутните посакувајќи им здравје и по повод „Година на рурален пензионер 2022“, потоа за написи за активностите во весникот „Пензионер плус“ и „КОХА“ и др...

Активностите на Здружението во 2022 година, ги поздравија и присутните гости: Нијази Џелили од ЗП Гостивар, Селвер Мемеди од ЗП Тетово, Митко Стојаноски од ЗП Ѓ. Петров и Лутфи Кабаши од ЗПТИ Сарај. Потоа Извештајот за работата на Здружението во 2022 година беше усвоен.

За Финансискиот извештај за приходите и расходите на Здружението во 2022 година, образложение даде Махир Дураку, а за Извештајот од Надзорниот одбор зборуваше претседателот Хамит Бакиу. Потоа беа усвоени. На крај се заклучи дека програмските активности во Здружението и финансиските показатели се реализираат согласно актите на Здружението и на СЗПМ.

**Баки Бакиу**

ЗП Ѓорче Петров

# Успешно и демократски спроведени избори и одржана прва седница на Собранието

Здружението на пензионери Ѓорче Петров на 28.02.2023 година ја одржа конститутивната седница на Собранието во мирна и демократска атмосфера. На седницата беа избрани членови на Собранието, Извршниот одбор, како и на другите органи и тела.

По усвојувањето на Деловникот за работа, Собранието избра работно претседателство, Кандидациона и Верификациона комисија.



За претседател на Собранието едногласно е избран Васил Дрвошанов пензионерски активист, општественик, унивезитетски професор и писател.

За претседател на Здружението и на Извршниот одбор повторно е избран Митко Стојаноски кој со своите досегашни активности како претседател се докажал и покажал успешен.

Покрај новоизбраните 25 членови на Собранието, избрани се и седум членови на Извршниот одбор, по тројца членови во Надзорниот одбор, Комисијата за Статут и правни прашања и Комисијата за спроведување на избори. По двајца членови Собранието го избра за делегати во СЗПМ и во СЗП на град Скопје.

Од името на новоизбраните членови на Собранието се заблагодари Васил Дрвошанов, а од името на Извршниот одбор честитки упати Митко Стојаноски.

За досегашната работа на членовите од стариот состав на Собранието се заблагодари досегашниот претседател Крсто Златевски.

По неколкуминутна пауза, Собранието ја одржа и првата работна седница.

На седницата беа едногласно донесени Одлука за усвојување на Извештајот за работата на органите и телата во 2022 година како и Одлука за усвојување на Финансискиот извештај за остварени приходи и реализирани расходи во 2022 година. Истовремено беше усвоена и Годишната завршна сметка за 2022 година.

За истакнување е и донесувањето на Одлука за исплата на надоместоци на Избрани, именувани и ангажирани лица во органите и телата на Здружението на пензионери Ѓорче Петров. Имено, по неколку години од донесените препораки од СЗПМ за начинот на исплата на надоместоци, нашето Здружение во согласност со новиот Статут од 25.10.2022 година донесе Одлука со која се укинуваат месечните надоместоци на членовите на Извршниот одбор. Според донесената Одлука сите избрани членови во органите и телата на Здружението имаат право на дневница за присуство на седница.

**Љубинко Ристов**

ЗП Штип

# Седница на новоизбраното собрание

На 8.3.2023 година во просториите на ЗП Штип, се одржа втората седница на новоизбраното Собрание, во проширен состав од претставници на ограноците и домаќини на клубови, со натпревари во организација на СЗПМ, на „Бабин зелник“ во Пробиштип и „Блакцето на баба“ во Велес.

Секако, оваа година планираме да дадеме приоритет на другите активно-



кое заседаваше реизбраниот претседател Ристо Нетков. Во овој состав делегатите за Собрание беа избрани првин во ограноците, а потоа официјално објавени на првата изборна седница на Собранието кое се одржа во декември во 2022 година. На првата седница беше избран ИО, а потоа се избраа: Комисијата за економија и стандард, за спорт, за култура и НО од надворешни членови.

– Мора да нагласам дека имаме осумнаесет нови членови во овој состав, а за тоа дека треба млади да раководат со Здружението, не е можно, бидејќи ова е Здружение на пензионерите кои плаќаат членарина и ги користат поволностите, – додаде Нетков.

Потоа претседателот Нетков се наврати на програмата, извештајот и буџетот на ЗП Штип.

– Треба да кажам и тоа дека поради пандемијата и економската криза и седниците беа намалени, а најголема работа имаше Комисијата за економија и стандард, зашто најмногу беше застапена помошта за болнично лекување и лекови, помош со хуманитарни пакети, помош за електрична енергија, снабдувањето со дрва и друго. Се надеваме дека оваа година ќе биде подобро и ќе се насочиме на поубави активности. Успеавме да учествуваме на регионалните и републички музички и спортски сти, а колку ќе се остварат зависи од состојбата и средствата со кои располага Здружението. Каде ќе нема ограничување на учесници, може секој да се пријави, а каде има ограничен број, бараме од претставниците на ограноците да ги менуваат пензионерите, да не бидат секогаш исти лица. Најболно прашање за нас е пензионерскиот дом во градбა, кој е прогласен за дивоградба, а за кој го чекаме законот за легализација за да се продолжи со градба.

Сите знаеме дека буџетот се полни од членарини на пензионерите и кирија, а бифето кое е на ДОЕЛ „Пензионер“ истовремено го користиме за состаноци и дружење на жените и подготовка на пензионерите во шах, табла, домино. Овде се читаат книги и весникот „Пензионер плус“, со што пензионерите се запознаваат со активностите и на другите здруженија.

Претседателот на НО Михајло Балов рече, дека Надзорниот одбор имал целосен увид во работата на Здружението, сите документи и картици биле дадени на увид и не се пронајдени неправилности во работењето, со што едногласно беше усвоен Извештајот. Седницата заврши со прашања кои беа поставени од претставниците на Огранокот „Три чешми“ и „Васил Доганџиски“, на што претседателот Нетков исцрпно одговараше.

**Цвета Спасикова**

ЗП Гази Баба

# Дадена доверба на проверени кадри

Во клубот во Автокоманда, здружението на пензионери Гази Баба ја одржа својата отчетна седница, на која централна тема беа усвојување завршната сметка за 2022 година и годишниот извештај на Надзорниот одбор при здружението.

Своe излагање имаше Стојна Тодоровска, сметководител во здружението која најпрво детално ги образложи сите ставки за приходи и расходи во завршната сметка за 2022 година. Во воведното излагање за годишниот извештај, таа констатираше дека во изминатиот период е покажано богата и разновидна активност. Наведувајќи дека



финансискиот план а и годишниот извештај биле разгледани и поддржани од разграноците и со рационално трошење на средствата во новата 2023 година се очекува збогатени активности на сите полиња. На изборните собири беа присутни голем број пензионери, кои низ демократска атмосфера им дадоа доверба на личности кои се докажале во својата средина, кои уживаат авторитет и пројавиле интерес за работа во пензионерската организација, а исто така посебна важност беше дадено и на половата и националната застапеност. Од вкупните 27 делегати во Собранието, на 11 им беше дадена повторна доверба, додека 16 беа новоизбрани.

По сите овие прашања се разви дискусија, во која сите се согласија дека се работело рационално и транспарентно.

На 28 февруари 2023 година, беше одржана конститутивна седница на Собранието при здружението на пензионери Гази Баба, на која беа верификувани мандатите на новоизбраните делегати и на која беше избран претседател на здружението, како и членови на новиот Извршен и Надзорен одбор, на Комисијата за статут и правни работи и Собранието на СЗПМ и СЗП на град Скопје.

Потоа конститутивна седница одржа Извршниот одбор во новиот состав при здружението и на предлог на истата за претседател на здружението едногласно беше избран повторно Ѓорге Андонов. Тој се заблагодари на дадената доверба, нагласувајќи дека здружението и понатаму ќе продолжи со реализација на зацртаните програмски задачи.

**Васил Пачемски**




## НЛБ Сребрен пакет

# Вашата пензија секогаш навреме

**НЛБ Сребрен пакет**

- Visa Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

**Поволности**

- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
- **3% Cash back во Веро** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
- **Осигурителни поволности** за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје

NLB Banka

www.nlb.mk

Контакт центар: 02 / 15-600



ZEGIN
ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА

PROVEN PROBIOTICS

# Cardiobiotic






една 30 КАПСУЛИ на ден

- Создаден специјално за одржување и зачувување на здравјето на срцето
- Содржи 10 милијарди соеви на Lactobacillus plantarm (CUL66) и Lactobacillus reuteri (NCIMB30242) корисни бактерии
- Содржи хидрокситирозол (од лист од маслинка)
- Витамин Б1 значаен за одржувањето на нормалната функција на срцето

# Усогласување на пензиите од 1 март 2023 година

**Со исплатата на мартовската пензија, усогласувањето на сите пензии изнесува 8,4%. Вака зголемената пензија претставува основица за наредното усогласување на пензиите.**

**Усогласувањето на пензиите од 8,4% е утврдено на следниот начин:**

**Пораст на индексот на трошоците на животот за период јули - декември 2022 година во споредба со трошоците на животот во периодот јануари - јуни 2022 година, изнесува 10,6%, а 50% од тој пораст изнесува 5,3%**

**Пораст на просечната плата на сите вработени за истиот период изнесува 6,2%, а 50% од тој пораст изнесува 3,1%. Вкупното зголемување по двата основа изнесува 8,4%.**

**СЗПМ**



СЗПМ

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
UNION OF PENSIONERS' ASSOCIATIONS OF MACEDONIA

Адреса: Бул. "Кочо Рацин" бр. 14 – 1000 Скопје – Р. Македонија
Office: Bul. "Koco Racin" No. 14 – 1000 Skopje – Republic of Macedonia
ЕДБ: 4030982263086, Трансакциска с/ка: 300000000953643 Комерцијална банка-Скопје
www.szpm.org.mkkontakt@szpm.org.mk
Тел/ Phone: 3223 710; Факс / Fax: 3128 390; П. фах / Po box: 440

БРОЈ/NUMER – 03-02/107
ДАТУМ/DATE – 10.3.2023

ДО

ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

За Премиерот Димитар Ковачевски

Предмет: Барање за зголемување на лимитот

Почитуван Премиер,

Повеќе пати пензионерите преку Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија бараат да се покачи лимитот до која висина на пензија се ослободуваат корисниците на пензија од партиципација за болничко лекување.

Тој лимит сега изнесува 14.000 денари и од 2019 година не е зголемен иако трошоците на животот рапидно се зголемија.

Големи се реакциите на пензионерите и се бара од болничка партиципација да бидат ослободени пензионери кои примаат пензија до 18.000 денари.

Се надеваме дека ќе преземете мерки таа граница да се покачи на кој начин ќе бидат помогнати и заштитени пензионерите со пониски пензиски примања.

Со почит,

Сојуз на здруженија на пензионерите на Македонија

Претседател,

Станка Трајкова

Писмо од Зоре Мицкоски, пензионер од Охрид

# Актуелности

Еден од важните случувања е процесот на избори во здруженијата на пензионери како и изборот на делегати за СЗПМ. Секако дека овој процес, односно избори се важен, односно актуелен процес и треба истиот да се реализира навремено и квалитетно, односно во здруженијата да се изврши изборот и во органите на здруженијата, да се изврши избор на способните, хуманите, чесните, не корумпираните. Верувам дека здруженијата на пензионери квалитетно, успешно





ќе си ја извршат оваа актуелна и многу значајна задача. Јас се решив да се јавам во весникот „Пензионер плус" без некој лукративен повод и без некаков личен интерес и повод. Да ве известам, јас сум од Охрид, член сум на здружението на пензионери Охрид и Дебрца, досега согласно моите можности, сум бил активен во здружението и неговите органи, по мое мислење сум се залагал за успешно работење во здружението во кое сум член, а еден мандат бев и член на ИО на СЗПМ. За моето ангажирање и членување, можат да кажат членовите и претседателот на ИО на СЗПМ. Се викам Зоре, од татко Крсте и дедо Мицко, чие име го носам како мое презиме Мицкоски. Роден сум на 14.11.1930 година во село Арбиново, имам завршено филозофски факултет група историја. Нема потреба да ве заморам со мојот работен век и функциите што сум ги вршел. Датата на раѓањето ја потенцирав, односно кажав во написот со цел да Ве запознаам дека ја трошам 93–та година од животот и не е лесно на мои години да се пишуваат мислења, принципи, ставови, расудувања и ситни сегменти. Но се одлучив да го напишам овој напис, со ризик на можност на грешки, слабости, недоречености и ситни елементи. Како повод и иницијатива е моето лично размислување, истото да го изнесам во овој напис, сознанието стекнато во врска со работата на претседателката на ИО на СЗПМ, согласно Статутот. Во мојот пензионерски период имав прилика да ги запознаам и да се срекавам со неколку претседатели на СЗПМ, како на пример со господинот Душко Шурбановски, Драги Аргировски и со госпоѓа Станка Трајкова. Мислам и не сум надлежен да давам оценки за нивната работа и досега не сум помислувал да го чинам тоа.

Меѓу тоа активностите што ги чини актуелната претседателка, особено законот за методологијата за усогласување на пензиите и долгата битка да се измени методологијата за усогласување на пензиите 50% од порастот на просечната плата на сите вработени во Републиката и 50% од порастот на животните трошоци е посебен и најактуелен успех. Не можам а да не го потенцирам посебно заложбата и конзистентноста на претседателката за реализација на оваа методологија. Ја потенцирам нејзината упорност и издржливост и истрајност да се прифати новата методологија. Секако има и други можности кои ја помагаа и ја поддржуваа претседателката. Меѓутоа имав можност во „Пензионер плус" да ги осознаам новите предлози и активности на СЗПМ кои се насочени за подобрување животниот стандард на пензионерите и верувам дека претседателката со својата упорност, релевантност и на предлози, ќе придонесе да дел од овие нови предлози да бидат прифатени од надлежните органи. Тргнувајќи од сето што е напишано во нејзините статии презентирани во „Пензионер плус" за подобар живот на пензионерите. Сум на мислење и препорачувам сите здруженија на пензионери на СЗПМ, Станка Трајкова да ја изберат за претседател на ИО на СЗПМ и претседател на СЗПМ. Обвеска да биде на нивните делегати што ќе бидат членови на новото Собрание на СЗПМ, госпоѓата Станка Трајкова да биде избрана за претседател на ИО на СЗПМ. Тоа ќе значи реализација и на дополнителните презентирани барања за потребите на пензионерите.

На крајот сакам да ги информирам сите пензионери членови на СЗПМ, дека оваа иницијатива е лично моја без нечии сугестии или влијанија. Ја молам редакцијата на „Пензионер плус" да го објави овој мој напис. Се согласувам, доколку имате забелешки, слободно изменете и преформулирајте. Верувајте, сето што е изнесено во овој мој напис го презентирам не така едноставно и лесно, години си се години, тие си го чинат своето. Јас покрај 93–те години, направив посебен напор и го изнесов моето мислење за госпоѓата Станка Трајкова, а редакцијата ја молам да и даде место во „Пензионер плус".

Со поздрав.

# Работилница за препознавање и заштита од дезинформации

Со масовната појава на лажни вести, дезинформации, кои се шират со молневита брзина, секојдневно сме изложени со безброј информации од традиционалните, а посебно на социјалните мрежи, при што сè потешко е да се дојде до вистинската информација и кога сме соочени со тоа, како да дознаеме дека тие се вистинити или се дезинформации. Лажните вести се измислени или извртени со намера.

Токму на оваа тема на 28.2.2023 година во просториите на СЗПМ, се одржа работилница за препознавање и заштита од дезинформации во организација на Институтот за комуникациски студии (ИКС) од Скопје, во рамките на проектот „Користи факти", финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската амбасада во Скопје. Проектот има за цел да обезбеди поддршка да се зголеми јавното разбирање за потеклото, мотивите и влијанието на дезинформациите во општеството. На работилницата најпрво гостите ги поздрави претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, која вели:

– Кога не сум сигурна дали некоја вест е дезинформација или не, проверувам на повеќе страници. Знаењето за тоа како да се заштитиме од дезинформациите го применуваме во пензионерскиот весник во кој се трудиме да нема дезинформации, туку само факти. Пред два месеци со ИКС е склучен Меморандум за соработка, за обработка на теми кои се од заеднички интерес и интересни и за старите лица, а кој ќе биде дистрибуиран до сите здруженија на пензионери.

Од име на ИКС зборуваше Лејла Шабан, проектен менаџер во Институтот, која меѓу другото нагласи дека идејата е не само да ги препознаеме дезинформациите, туку и како да се заштитиме од нив. На првата сесија од работилницата предавач беше Јасмина Миронски, новинар и професор на интердисциплинарните студии во Скопје, која зборуваше за лажните информации и медиумски манипулации.





– Бидејќи времето во кое живееме наметнува едни нови текови, нови динамики, нови терминологии, не е лошо некако да ги продискутираме, проанализираме и погледнеме од еден понов агол, кој ни се случува во овој 21 век. За една двонасочна постојана непрекината комуникација, потребно е да се информираме од кредибилни медиуми.

– На социјалните мрежи се најголемиот број на дезинформации, но ги има и во традиционалните медиуми, но таму ги има во помал број, затоа што, во традиционалните медиуми има цела редакција, повеќе уредници или заменици уредници кои го читаат текстот, пред тој да биде објавен. Во нив важат новинарските правила за разлика од социјалните медиуми каде немаме правила. Мора да има два извора за веста што е златното правило во новинарството. Во социјалните мрежи нема правила на објавување на текст, затоа имаме поголем број на дезинформации, – нагласи Соња Петрушевска – Поповска, новинар во Алсат М, во вториот дел од сесијата на работилницата.

Да се пристапува критички кон секоја информација, да се проверуваат повеќе извори, да се информираме од кредибилни медиуми, да не читаме само наслови, тоа се само дел од советите кои нашите предавачи Јасмина Миронски и Соња Петрушевска – Поповска им ги дадоа на членовите на СЗПМ, притоа посочувајќи им и каде и како да пријават дезинформации. Оваа обука е прва од серијата обуки наменети за пензионерите кои ИКС ги организира во рамки на проектот „Користи факти", употреба на новинарството засновано врз факти за подигнување на свеста и за спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија.

**В. Пачемски**


ПЕНЗИОНЕР плус

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година XVI – број 176
март 2023 година

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Станка Трајкова** (претседател)
м–р Илија Адамоски
Ментор Ќоку
Менка Темелковска
д–р Веле Алексоски
Славко Трајкоски
Спирко Николовски ОВР
Гидо Бојчевски
Славко Марковски

**Редакциски одбор:**
**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;
**Васил Пачемски**
уредник
**Членови:**
Баки Бакиу,
Верица Тоциновска,
Кирил Ристески
Фруска Костадинова
Јасмина Тодоровска
Лилјана Младеновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ Бул. „Кочо Рацин"
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Печатница Серафимовски – Скопје

**Дистрибуција:** „Нова Македонија"

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

# ЗП Кичево - лична карта




**Здружение на пензионери Кичево**
**Ул. „Јанко Михајлоски“ бб - Кичево**
**Тел. 045 223-004**



**Душан Ристоски**
**претседател на ИО и на ЗП Кичево**



Според сеќавањата на пензионерите ЗП Кичево е формирано во педесеттите години од минатиот век. Зградата е почната да се гради во 1969 година, а во 1971 година во неа се смести Здружението на пензионери Кичево. Во почетокот тоа имаше мал број пензионери за во 2022 година да има околу 5000 пензионери. Во Здружението членуваат: Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби и Бошњаци и се работи на волонтерска база. Единствено благајникот и домаќинот се лица со редовен работен однос.

Здружението има 11 месни ограноци. Во него функционираат 7 комисии и Актив на пензионерки.

Претседател е Душан Ристоски, а претседател на Собранието е Мехмед Мехмеди.

Органите, комисиите и телата кои ги имаат донесуваат значајни заклучоци и одлуки од интерес на пензионерите. Здружението на пензионери Кичево има одлична соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како и со локалната самоуправа, општинската организација на Црвениот крст, Домот на културата, Фондот за пензиското и инвалидското и здравствено осигурување и други организации и институции.

Тоа секогаш се залага за домаќинско трошење на финансиските средства. Тие се користат за подобрување на животот на пензионерите, за заштита на старите и изнемоштени лица, како и да се помогне на пензионери со ниски пензии.






Здружението на пензионери зема учество на манифестациите од областа на културниот и спортскиот живот на пензионерите (регионални и републички), што ги организира Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, а секоја година го одбележува и 20 септември Денот на пензионерите на Македонија.

Исто така, организира и повеќе екскурзии за пензионери, претежно во градовите од источниот дел на Републиката, по можност и по една екскурзија годишно надвор од Републиката, пред сè, во Србија и Албанија.

Тоа се залага за подобрување на условите во домот на пензионерите каде што живеат станари пензионери, со свои средства од членарината, но и средства од донации и други приходи.

Здружението ги има следните документи:

- Статут на Здружението на пензионери Кичево, кој е донесен на ден 30.03.1917 година;
- Правилник за работа и работни места во Здружението;
- Решение од Собранието на Општина Кичево за сопственост на зградата на домот на пензионери Кичево.

Неодамна здружението издаде фотомонографија за кичевските пензионери, за која промоцијата беше во просториите на клубот на пензионерите во Кичево. Ова е првата книга посветена на кичевските пензионери, а насловена како „Работи – па стани пензионер“.





Автор на оваа фотомонографија е претседателот на Здружението на пензионерите Кичево Душан Ристоски, а рецензенти се д–р Сашо Дукоски, професор и д–р Светлана Велјаноска, професор.



Во преполната сала пред пензионерите прво говореше авторот Душан Ристоски кој напомна дека ова е прв обид да се напише монографија која говори за животот на пензионерите кои по својот работен век се активно вклучени во програмите на Здружението и придонесуваат за заштитата на пензионерите, за културниот развој и спортското живеење, со цел да се продолжи векот на пензионерското стареење во третата доба.

Во своето излагање тој напомна дека со насловот праќа порака до општеството да се отвораат повеќе работни места за млади луѓе, кои по работниот век ќе станат пензионери.

Фотомонографијата е поделена на повеќе поглавја, во кои авторот напомнува дека здружението е формирано уште во далечната 1950 година како здружение во состав на општинскиот синдикален совет, од 1956 година дејствува како здружение на пензионери, а подоцна низ годините како Општински сојуз на здруженија на пензионери кој ги опфаќа старосните, семејните и инвалидските пензионери во Општина Кичево.

Потоа е даден историски преглед на Кичево и Кичевско, првите стопански објекти кои по војната 1941–1945 година ги далe и првите пензионери, појавата на законската регулатива на пензионерското работење, прво на сојузно, а потоа и на републичко ниво, се до денес како Здружение кое е членка на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Во монографијата се прикажани активностите на Здружението за заштитата на старите луѓе, соработката со општинската организација на Црвениот крст, за мерењето притисок и шеќер во крвта, чествувањe на повеќе историски настани во општината, соработката со здруженијата од Западниот регион, сè до многу блиската соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, преточена низ редовните препораки од органите и телата на Сојузот, како и редовното информирање преку весниците „Пензионер плус“ и „Коха“.

Рецензентот д–р Сашо Дукоски, професор, вели дека авторот преку огромен фотоматеријал го прикажал животот и работата на пензионерите, нивното културно и спортско живеење, нивното дружење помеѓу пензионерските здруженија, добиените благодарници и плакети низ годините, како и активната соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.



Д–р Сашо Дукоски упати пофални зборови за авторот кој активно е вклучен во издавачката дејност со повеќе трудови од историското минато на Кичево и Кичевско, а со ова дело тој ги прикажал активностите на пензионерите како патоказ пред генерациите кои доаѓаат како пензионери.

**СЗПМ**

# Осмомартовско дружење на пензионерките со министерката Тренчевска

По повод 8 Март, Меѓународниот ден на жената, Министерството за труд и социјална политика организираше дружење со пензионерките во Клубот





на пратеници.

Министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска честитајќи им го празникот на жената се заблагодари на сите заложби кои жените ги направиле во годините наназад, но и неуморно продолжуваат со своите активности, помагајќи им на другите, и рече:

– Нема поубаво одбележување на Денот на жената – 8 Март од тоа да го посветите на жените кои го граделе нашето општество и благодарение на нив денес ние ги уживаме придобивките од нивниот труд. Токму вие сте нашите херои, затоа што го трасиравте патот по кој денес чекори современата жена. Вие бевте тие кои се изборивте за правото на жените да го употребат својот потенцијал. Вие покажавте дека, жената не постои само за да ја гледа куќата и децата, туку дека таа може многу повеќе, таа може и сака да се образува, да има и професија, да заработува и придонесува за семејството, а истовремено и да ги извршува и домашните обврски и да се грижи за правилен раст и развој на децата. Покажавте дека, жената може подеднакво да работи професии како и мажот на работни позиции кои претходно се сметаа само машки. Покажавте дека, жената треба да се почитува и нејзиниот труд да се вреднува. Покажавте дека жената е силна и храбро знае да се соочува со предизвиците кои излегуваат на патот кон нејзиниот успех. Да ги воспитуваме нашите деца, внуци, учеництци и млади дека родовата димензија е клучна за изградба на општество со



еднакви можности и еднакви шанси за сите, без разлика на полот, со акцент на способностите и вештините кои личноста ги поседува. Да ги негуваме вистинските вредности, хуманоста, разбирањето, соживотот, љубезноста. Да потсетиме дека семејството и блиските се најважни, дека вистинската среќа доаѓа однатре, – потенцираше Тренчевска.

Претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова, истакна дека голема чест и задоволство е заедно со министерката за труд и социјална политика Јована Трнчевска да се одбележи овој ден со историски датум, на ваков интересен начин, и рече:

– Симболиката на 8 Март е всушност време и простор да се актуализираат потребите и можностите на жените за еднакви права и можности. Да се заблагодариме на нашите претходнички и да порачаме дека ние жените сме со голем потенцијал, затоа што можеме да работиме многу работи истовремено, – рече меѓу другото Трајкова.

Таа истакна дека од 53 здруженија на пензионери има само 5 жени претседатели, нешто што треба да се смени и да се вклучат повеќе жени во раководните позиции на здруженијата. Притоа сподели, повеќе силни пораки кои се однесуваат на жената, а ги напишале познати автори. Исто така, Трајкова истакна дека жените пензионерки останаа активни и во време на пандемија, се бореа помошта да стигне секаде каде е потребна соработувајќи со граѓанските организации и институциите.

– И ова дружење по повод 8 Март – Денот на жената, со пораката од нашата кампања која ја спроведува Министерството за труд и социјална политика, овој месец „Гласна и храбра“ има цел да ја подигне свеста за значењето на менталното здравје и економското зајакнување на жената во нашето општество. Со нашите пензионерки веќе одржавме неколку работилници на оваа тема. Продолжуваме со работилниците, и со пораката до сите жени да бидат „Гласни и храбри“, – порача Тренчевска.

Настанот го надополнија личните искуства и приказни раскажани од страна на присутните пензионерки, секоја од нив единствена и интересна.

**Калина С. Андонова**

# Достојно одбележан 8 Март

По повод 8 Март – Меѓународниот ден на жената, претседателот на **ЗП Демир Хисар** Кирило Блажевски заедно со градоначалникот на Општина Демир Хисар Никола Најдовски, во знак на почит и внимание, пригодно и свечено, симболично им поклонија цвеќе на нашите највозрасни сограѓанки – пензионерки. Во своето поздравно обраќање, претседателот Блажевски, изрази срдечни честитки по повод празникот, со искрени желби за многу здравје, среќа и радост, а исто така, посака и во иднина жените безусловно да се залагаат за остварување на основните човекови права. И градоначалникот Најдовски ги поздрави присутните и им го честиташе празникот. претседателот на Здружението Блажевски и градоначалникот Најдовски го посетија домот на баба Велика Спасевска од село Света, која е најстарата пензионерка во Општина Демир Хисар со наполнети 97 години, и притоа и доделија пригодни подароци во знак на почит и внимание.

**ЗП Крива Паланка** и Ранковце за празникот 8 Март имаше прослава. Присуствуваше претседателот на здружението Трајче Давидовски кој беше придружуван од останатите од раководството и од претседателот на пензионерите на инвалидите на трудот Драги Арсеновски. На големо задоволство се одзва на поканата и градоначалникот на Крива Паланка Сашко Митовски. Празникот на пензионерките најпрво им го честиташе претседателката на Активот на пензионерки Анка Стојановска, која прочита и реферат посветен на Осми март. Кон честитката се придружи и претседателот на здружението Давидовски. Градоначалникот Сашко Митовски на секоја пензионерка и подари по еден каранфил,

Активот на пензионерки при **ЗП Гази Баба**, во весела атмосфера го одбележаа и прославија празникот 8 Март во присуство на 250 пензионерки и пензионери, членови на здружението. На прославата присуствуваше Жаклина Пешевска, пратеничка во Собранието на РСМ и градоначалникот на Општина Гази Баба Бобан Стефковски. Од име на здружението, славеничките ги поздрави и на гостите добредојде им посака најпрво претседателот на здружението Ѓорѓи Андонов, кој упати срдечни честитки до припадничките на понежниот пол. Со честитки потпретседателката на Актовот Стојна Тодоровска им посака убави желби на пензионерките.

Во пресрет на Меѓународниот ден на жената 8 Март, одделението за јавни дејности при Општина **Пробиштип** распиша награден конкурс на тема „Среќен празник, хероино наша“ на кој право за учество имаа учениците од основните училишта или поконкретно од петто до деветто одделение. На конкурсот можеше да се учествува со ликовни и литературни творби посветени на мајките, бабите, сестрите, односно на жената. До организаторот пристигнаа голем број ликовни и литературни творби преку кои можеше да се види креативноста на младите и нивната љубов кон оние кои со право можеме да ги наречеме хероини.

Активот на жени при **ЗП Свети Николе,** го прослави на два начина. Во организација на Домот на култура „Крсте Мисирков“ пензионерките имаа изложба на ракотворби. Изложени беа слики и аранжмани од пресувано цвеќе, уметнички слики изработени во техника масло на платно, акварел и книги. Беа изложени и макрамеа, творби на членките на некогашната уметничко креативна секција „Овчеполска суница“ при Здружението. Пензионерката Лилјана Златева прочита неколку свои творби. Претседателката на Активот Светлана Иванова им заблагодари на посетителките, а им го честита празникот и им посакаа добро здравје. Со своето присуство оваа свеченост ја зголеми и претседателката на Советот на Општина Свети Николе Валерија Ивановска, која на учесничките и им подари по еден каранфил. Присутен беше и директорот на Домот на култура Николче Тренчев. И тој им подари по еден каранфил на присутните.

На 4.3.2023 година во Штип, околу 400 пензионерки и гости од ЗП Македонска Каменица, ЗП Кочани, Градско, ЗП Берово, ЗП Тетово и ЗП Гази Баба, присуствуваа на забавата по повод 8 Март. Претседателот Ристо Нетков и претседателката на Активот на почетокот, ги поздравија присутните и гостите. На заслужните пензионерки и гости им беа подарени сувенири со логото на **ЗП Штип**. Забавата продолжи со убава музика. Во просториите на централното Клуб–бифе, претседателот на **ЗП Штип** Ристо Нетков со раководството организираа прием на жените активистки и одговорните на ограноците, кога на пензионерките им беа подарени цвеќе и пригодни подароци.

Во присуство на 50 пензионерки и пензионери од **ЗП Струга**, претседателот на здружението Милорад Трпоски, им го честиташе празникот на дамите од третата доба, посакувајќи им добро здравје, долг живот, среќа и активни пензионерски денови и повторни средби во наредните години.

На предлог на претседателот на **ЗП Карпош** Јован Гиновски, по повод Меѓународниот ден на жената 8 Март, беше организирана екскурзија во Неготино. На 5.3.2023 година беше посетено Неготино и манастирскиот комплекс Свети Ѓорѓи, а прославата беше во ресторанот Софра – Вељанов.

Повеќе од 250 пензионерки заедно со педесетина гостинки од ЗП Неготино се веселеа играјќи ора и дружејќи се меѓусебно по повод 8 Март. Најпрво присутните ги поздрави претседателката на Активот на жени при **ЗП Прилеп** Снежана Димеска, укажувајќи за значењето на овој меѓународен ден на жената. Присутните ги поздрави и претседателот Славко Трајкоски.

По повод 8–март меѓународниот ден на женаата, активот на жени – пензионерки организираше заедничка веселба. На заедничкато другарување учество зедоа околу 150 жени. Исто така по повод празникот 8–ми март, градоначалникот на општината Ѓорче Петров Александар Стојковски со неговите соработници како и раководството на **ЗП Ѓорче Петров** ги посетија пензионерките сместени во пензионерскиот дом Ѓорче Петров. Честитајќи им го празникот 8–ми март со желба за добро здравје и долг живот, Стојковски на секоја пензионерка и подари букет со свежо цвеќе.

Осми март – Денот на жената**, ЗП Лозово** и Организацијата на жените од Лозово, го одбележаа акцијашки со садење садници (елки) во дворот на Домот на културата „Кочо Рацин“, Лозово, еднакво и жените и мажите. На акцијата се придружија и претставници од повеќе европски земји, дојдени во Лозово за проектот ЕРАЗМУС +. Со задоволство и тие посадија по неколку садници. За значењето на 8 Март краток историјат даде Риска Наќева, претседателка на Активот на пензионерки на ЗП Лозово, а поетесата Марија Моневска, прочита своја песна посветена на жените.

И **ЗП Гевгелија, ЗП Делчево**, како и другите здруженија го одбележија достојно 8–ми март.

**Од дописниците на СЗПМ**















ЗП Кавадарци

# Поетска средба на пензионери

ЗП Кавадарци, односно поетскиот клуб што работи во неговите рамки, на 15 март 2023 година, беше домаќин на поетската средба на пензионери од двете здруженија, меѓу кои постои долгогодишна пријателска соработка. Средбата се одржа во просториите на библиотеката „Феткин“ во Кавадарци, која деновиве одбележа еден убав јубилеј, 70 години од нејзиното постоење.



Присутните гости и публиката, на почетокот на средбата ги поздрави Претседателот на Комисијата за култура при ЗП Кавадарци, Здравко Јаковлевски, потенцирајќи притоа дека е горд што може да им посака добредојде на велешките пензионери, книжевни неимари, во храмот на книгата – библиотеката „Феткин“, на поетите кои доаѓаат од градот на Рацин, кое име го носи и нивниот клуб. Со убави зборови, се обратија на средбата и претседателките на двата поетски клуба, Маријана Пешиќ и Нада Алексоска.



Карактеристично е тоа што сите овие поети, пензионери, дел од својот живот ѝ го посветуваат на поезијата и дозволуваат таа да стане нивно секојдневие. Тоа беше евидентно речиси во стиховите на сите учесници.

Присутната публика како да ги впиваше нивните емоции, со кои ги интерпретираа стиховите, донесени со толку голема љубов и животно искуство, стихови, сведоци на едно убаво време од нивниот животен пат.

И сега како пензионери, кога се наоѓаат во еден период од животот, во кој годините им се пластат, желбата за убавата поезија, доаѓа уште повеќе до израз во нивните стихови. Пријатната атмосфера, со своите стихови ја направија поетите од Велес: Нада Алексоска, Олга Новачева, Снежана Гиневска и Атанас Крлевски, како и поетите домаќини: Милка Минкова, Тодорка Андова, Маријана Пешиќ, Трајанка Ристова, Љупчо Атанасов и Алимпије Лазарески. А тука беа и поетите љубители на пишаниот збор и идни пензионери: Љубица Бошкова, Гордана Бохулски и Дание Младенова. По завршувањето на убавата средба, пензионерите од двете здруженија си ветија повторна средба и си посакаа убави пензионерски години. **Л. И.**

ЗП Свети Николе

# Уметник со тесто



Креативноста се изразува на разни начини. Лила Тодорова е уметник која на несекојдневен начин му дава душа на тестото. Креативно го обработува, правејќи многубројни фигури: цвеќиња, икони, цркви и сè што ќе замисли. Сите тие дела и форми сведочат за нејзината креативна уметност и со својата оригиналност не наликуваат дека се направени од тесто. Изработени се трпеливо од вештите раце на Лила и предизвикуваат восхит и почит.



Лила Тодорова е родена 1955 година во Свети Николе. Прво вработување и е во Стопанска банка, работи во неколку фирми, а формира и своја каде се занимава со производство на леб и тестенини, но набрзо фирмата оди под стечај. Останува без работа. Потоа работи како таксист, професија ретка за жена, а до пензија работи како мајстор за теста во неколку хотели во Свети Николе. И тука се раѓа нејзината идеја и желба да „твори“, да создава дела со тесто со кои учествува на натпревари во Свети Николе и во цела Македонија. На овие средби и натпревари се среќава со вистински професионалци и познавачи од кои учи за тајните на тестото. Со нејзините уметнички дела учествува на натпревари и надвор од нашата земја, како што се Бугарија, Србија, Хрватска. Компанијата за тесто „Ирекс“ од Загреб, Хрватска, ја поканува да учествува на семинар за обука на производи од тесто. Семинарот трае три години по седум дена. Преку ова искуство станува врвен мајстор – аматер. Долгогодишното проучување на тестото нејзините вештини стануваат препознатливи, па така Министерството за култура на Владата на Македонија, во 2000 година ја испраќа во Јужна Кореја на семинар на кој учествувале уметници со тесто од повеќе земји. Во својата аматерска и богата кариера Лила добила многу награди, медали и признанија.

– Поради социјалната состојба во нашата држава моето хоби прерасна во извор на егзистенција. Тоа е мачна работа, бара многу труд, ноќи и часови на креирање на идеи кои во моментот ми доаѓаат, но за да се успее во нешто, потребно е да се има љубов и поддршка од најблиските, а јас тоа го имам и токму тоа придонесува да бидам среќна. Сето тоа ми дава сила, елан и енергија и понатаму да изработувам уште многу дела. Првите фигури што ги изработив беа кокошка и велигденски јајца, затоа што тогаш беа велигденски празници, а потоа почнав се почесто да ги реализирам идеите кои ми доаѓаа во мислите. Горда сум на тие експонати и ден–денес ги чувам, иако бараат многу внимание и правилно одржување, – вели Лила.

Иако поминале многу години од нејзините почетоци, Лила и понатаму со иста љубов и желба за усовршување твори и има поддршка од семејството. Активна е и како пензионерка. Со Активот на жени има посетено многу значајни културно-историски споменици низ земјава. Со свои благца учествувала и на „Благцето на баба“ во Велес. Зема учество речиси во сите активности на Активот на жени при ЗП Свети Николе. **Вукица Петрушева**

Тетово

# Прва година од канонизирањето на Кирил Пејчиновиќ во светител



Речиси нема здружение на пензионери во нашата земја, што не го посетиле манастирскиот комплекс во селото Лешок, каде се наоѓа гробот и спомен – собата на сега веќе Светиот Кирил Лешочки. Овде се забележуваат посети и на пензионерски асоцијации од соседствата.

Сега има и нов повод, зошто 25 март нашата Света македонска православна црква прогласи светителството на Кирил Пејчиновиќ – Тетоец. Неговото свето име како Кирил Лешочки му го одреди Синодот на ПМЦ ОА со одлуката донесена на 10 мај 2022 година. Истовремено, тогаш е одреден 25 март да биде посветен на Кирил Пејчиновиќ, а годинава за прв пат се најде во православниот календар под името Свети Кирил Лешочки. Со сите највисоки почести во манастирскиот комплекс во селото Лешок на 15 – ти октомври минатата година беше извршена хиротонија на овој македонски просветител, игумен, проповедник и писател, со одржување на вечерна воскресна богослужба, додека наредниот ден во Соборната црква „Св. Кирил и Методиј“ во Тетово се одржа света божествена литургија. Канонизацијата на Кирил Пејчиновиќ во Преподобен, е направена пред една година, а ја изврши поглаварот на МПЦ ОА г.г. Стефан во сослужение на архиереите на МПЦ. **Г. Ефтоски**

# Книгата „Моите зборови“ од поетот Исмаил Ганиу




Ветеранот на образованието, поетот Исмаил Ганиу е роден во 1947 година во Липково каде што завршил основно училиште. Подоцна завршува Учителска школа и Педагошка академија – литература на албанскиот јазик и дипломирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Околу 43 години работел како наставник по албански јазик и литература. За неговата успешна работа во сферата на образованието, ја добил наградата „Особен наставник“. Долго време бил и претседател на Здружението на наставниците по албански јазик и литература.

Книгата на поетот и ветеранот на образованието Исмаил Ганиу „Моите зборови“ е седма книга во неговото творештво. Поетот во оваа книга од 140 страници има напишано 91 песна кои одговараат за сите возрасти, и за младите и за возрасните. Во книгата тој пишува за: зборот, животот, човекот, Карадакот, паднатите борци, родното место, учителот, азбуката, времето, мајката, таткото, знамето, ветераните, училиштето, пријателот, традицијата и др.

Знаејќи го значењето на „зборот“ во животот на човекот, тој не случајно трите први песни во книгата ги посветува на зборот. Во една строфа од стихозбирката „Моите зборови“ по која и го добила насловот книгата, пишува: „моите зборови секогаш чекаат ред, тие каде било да одат фаќаат ред, создаваат друштво со скромност, никогаш должен да бидам не ме оставиле...“

Поетот пишува и за значењето и користењето на времето порачувајќи дека тоа треба да се користи умно, затоа што бега многу брзо. Ова го изразува многу добро во песните: „Доаѓа времето“ и „Дали ќе имам време“. Во една строфа од спомenатите песни пишува: „Не знам дали ќе имам време, / но имам желба и надеж, / дека ќе ги завршам некои облигации пред да почнам...“

Ганиу, на емотивен начин и многу добро ја опишува и љубовта на мајката со големо срце и нејзините желби за нивно добро воспитување. Во двете последни строфи на песната со наслов „Мајка – синоним на жртвувањето и надежта“ тој пишува: „техниката произведува сè на овој свет, / но не раѓа деца и мајки што ронат солзи“, како и во другата строфа: „голема е мајката, / таа со песни и солзи кога ќе почне да плаче и сонцето плаче...“

Како ветеран на образованието, во поезијата „За ветеранот на...“ авторот покрај другото бара и подигање на квалитетот на наставата истакнувајќи дека таа не е на потребното ниво.

Во песната „Во овој живот“ поетот на многу добар начин го опишува животот на човекот во ова време во кое тој бара да запре злосторството, да се влијае еден на друг, да не се работи само за интерес.

Поетот Исмаил Ганиу пишува и поезија за традицијата, за јазикот, за гурбетот и др. Во песната „Чекајќи го таткото“, во првите четири редови вели: „кога таткото отиде на гурбет, ние бевме деца, мајка ни го испрати со солзи во очите“...

Збирката поезија на поетот Исмаил Ганиу, има душа и идеја кои заземаат значајно место во развитокот на емоциите на личноста за збогатување на духовниот свет, во ковење на моралот. Тој препорачува да го сакаме животот и да се сакаме меѓусебно. Избраната тематика и приспособената рима, прават штом ќе почнеш да ги читаш, не можеш да застанеш. Се гледа дека поетот е добар мајстор за поклопување на крајните согласки во стиховите, создавајќи рима особено во песните на албански јазик.

Гледајќи ја вредноста на поезијата во оваа збирка на добро познатиот автор Исмаил Ганиу, книгата финансиски е поддржана од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за 2022 година, со цел поттикнување на издавачката дејност и творештвото во третата животна доба. **Баки Бакиу**

ЗП „Солидарност – Аеродром“

# Исполнети животни и творечки врвици

Во разновидните и квалитетни форми и содржини на работата на ЗП „Солидарност – Аеродром“, посебно место и значење имаат активностите на Клубот на љубителите на книгата. Секој последен вторник во месецот редовно се одржуваат книжевни средби кои привлекуваат многубројни посетители пензионери. Животните и творечки врвици на Васил Тоциновски беа тема на средбата на 28 февруари, чиј модератор беше Благојка Филипчева. Фрагменти од богатото и разновидно белетристичко творештво читаше Лилјана Стоилковска. Во своето извонредно вдахновено и аналитичко толкување и вреднување на делото на Тоциновски, познатиот писател, новинар и публицист Мишо Китаноски истакна оти станува збор за еден од петте најплодни македонски автори чие име и книжевни резултати се познати и надвор од границите на земјата. Станува збор за автор кој на еден сопствен и автохтон начин во себе ги обединил писателот и научниот работник – книжевен историчар создавајќи дела со трајни вредности кои имаат изборено сопствено место и значење во тековите и резултатите на македонската современа книжевност и наука. Потписник е на сто и дваесет наслови



од поезија, раскази, романи, литература за деца и млади, книжевна историја, критика и есеистика, антологиски и тематски поетски и прозни избори, преводи, коавтор е на дваесетина енциклопедии, учебници, прирачници и зборници. Неуморен пишува и истражува и по пензионирањето. Во домашни и странски изданија објавил над илјада книжевно–историски студии, критики и есеи, а во тој обем било вреднувано и неговото творештво.

Во областа на книжевната историја Васил Тоциновски низ архивски истражувања во земјата и во странство, има неодминлив влог во откривање и разгатнување на секогаш актуелните и интригантни дводомни писатели. Од втората половина на 19 и првата половина на 20 век, приопштил сто и десет автори чиј резултати и македонствување се трајно врежани во нашето колективно меморирање. Китаноски се задржа на десетината томови посветени на блескотниот поглавје во македонската литература Македонскиот литературен кружок во Софија (1938–1941) кои комплетно ја изменија приказната за овој настан од историска вредност која беше со интерес проследена од пензионерите. Тој со љубов говореше за монографијата „Ќе се вратам“ посветена на животот и делото на подзаборавениот револуционер, поет и новинар Ганчо Хаџи Панзов, автор на антологиската поема по која и книгата е насловена, трагично загинат во Шпанската граѓанска војна. Со одбрани зборови Китаноски го одбележа модерниот творечки сензибилитет на Васил Тоциновски, посебно изразен во поезијата и расказите, повикувајќи се притоа на Конески и Чехов. Неговите стихозбирки, раскази и романи за деца и млади своевремено отворија нова страница на естетски вредности во тогашното творештво за младите со нагласени дидактички поуки и пораки. Книжевната вечер во Клубот на ЗП „Солидарност – Аеродром“ посветена на ликот и делото на Васил Тоциновски на своевиден начин достоинствено го одбележа и јубилејот педесет години од објавувањето на стихозбирката „Тајна во сонот“ во 1972 година. **В. Т.**

ЗП Вевчани

# Нова збирка песни „Јас, отидов“ на поетот Мишо Китаноски



Неодамна во издание на најстарото македонско списание за литература, култура и уметност „Современост“ од Скопје, излезе новата збирка песни со наслов „Јас, отидов“ од вевчанскиот поет Мишо Китаноски. Тој во поговорот на книгата истакнува дека песните што се застапени во овој негов поетски избор, се објавени најмногу во списанието „Современост“, што го уредувале многубројни водечки македонски писатели и критичари. Изданието е посветено уште и на неговата ќерка Сандра. Поетот М. Китаноски е познат уште и како активист за култура и е втемелувач на два фестивала: Културно–научната манифестација „Печалбарски денови“ и „Вевчанско културно лето“, кои се одржувале и се одржуваат во Вевчани. Сега тој е уредник на списанијата „Современост“ од Скопје и на „Брануваља“ од Струга.

– Сакам во оваа прилика да се заблагодарам на поддршката од СЗПМ, што без тоа мојот избор на песни немаше да биде објавен. Сакам да истакнам дека ваквата креативна поддршка што на македонските писатели – пензионери им ја дава раководството на СЗПМ е за секаква пофалба и истакнување. Но, тоа во исто време значи и поддршка на македонскиот јазик, литература и култура од една и, понатамошното афирмирање на македонската литература и нејзините творци, од друга страна. Едноставно, сите што твориме сме повикани во овие немирни времиња, да го подигнеме својот глас, но и да подвлечеме дека не сме заборавени од својата организација – СЗПМ.

Поетот Мишо Китаноски целиот свој работен век го поминал како новинар во печатени медиуми, како уредник и како главен и одговорен уредник на повеќе весници, ревии и списанија. Во исто време тој не само што ја збогати македонската литература за деца и возрасни, туку и македонската публицистика, објавувајќи ги меѓу другото книгите „Пиринска историска вистина“, „Децата бегалци од Егејска Македонија во Југославија“, „Летописи за македонските села“ и најновата книга „Евреите во Штип – од доселувањето до холокаустот“, која наскоро ќе биде промовирана и др. Неговите песни се преведени и објавени на десетина странски јазици, а е застапен и во антологии, прирачници и др.

Живее и твори на релација Скопје – Вевчани и, обратно. **С. Кукунешоски**

# Министерката Тренчевска во посета на Центарот за дневен престој за стари лица, во Чаир, во склоп на кампањата „Гласна и храбра“

Министерката за труд и социјална политика, Јованка Тренчевска заедно со секретарката на Црвениот крст на Град Скопје, Сузана Тунева Пауновска го посетија Центарот за дневен престој за стари лица во Чаир. Посетата беше направена во рамки на кампањата „Гласна и храбра“ со цел промоција на економско зајакнување и ментално здравје на различни целни групи.

Поголема социјализација, поврзување и подобрување на физичкото и менталното здравје е главна цел на социјалната услуга која се спроведува преку Центарот за дневен престој за стари лица во општината Чаир во Скопје. Во моментов околу 30 лица од општината го посетуваат Центарот за дневен престој за стари лица во Чаир. Оваа социјална услуга е дел од социјалната реформа чија цел е креирање на услуги во локалните средини кои ќе одговорат на потребите на корисниците.





Тренчевска во својата посета посочи дека активниот начин на живот исполнет со зајакната социјализација позитивно влијае на физичкото и менталното здравје на лицата во третата доба. Таа истакна дека оваа социјална услуга е наменета токму за создавање можности за активно стареење, со што лицата во третата доба ќе добијат конкретни активности за подобрување на квалитетот на животот.

Социјалната услуга која е наменета за лицата од третата доба, а е достапна преку овој Дневен центар, е финансирана од Проектот за подобрување на социјалните услуги, што го спроведува Министерството за труд и социјална политика со поддршка од Светска банка, а е дел од сеопфатната социјална реформа во земјава. Освен за корисниците од ранливите категории, социјалната реформа нуди можност и за вработување кај давателите на услугите, а предност имаат баратели на работа од ранливите категории.

Преку оваа услуга лицата на возраст од над 65 години можат секојдневно да го посетуваат Центарот, да се дружат со своите врсници, да организираат одредени социјални активности, а во текот на посетата добиваат асистенција од стручните лица кои ги спроведуваат активностите.

**К.С.А.**

# Хуманитарни активности

По повод верскиот празник „Сирна недела“, активот на жени пензионерки од разгранокот Даме Груев традиционално секоја година организира дружба со пензионерките од останатите разграноци при ЗП Ѓорче Петров. За време на другарувањето жените од сите разграноци организираа донаторска акција за настраданите од земјотресот во Р Турција и Р Сирија. Собрани се 3.000 денари.



Дел од прехранбените производи донесени од жените активистки беше донирана на семејства со ниски пензиски примања.

По повод христијанскиот празник „Прочка“, во просториите на огранокот „Цветан Димов“ од ЗП Кисела Вода, беше организирано дружење на пензионерите. Покрај домаќините присуствуваа и многу гости од здружението. Присутните ги поздрави претседателката на разгранокот Маре Мицевска која зборуваше за потребата од вакви традиционални средби кои се обележје на македонскиот идентитет. Претседателот на Здружението Момчило Петровиќ се заблагодари на поканата и со одбрани зборови ја пофали манифестацијата која се одржува секоја година.



Бидејќи имаше многу храна и домашни специјалитети кои домаќините – пензионери од разгранокот ја беа подготвиле, беше договорено дел од тоа да се спакува и да се однесе во дом за бездомници.

Активот на жени пензионерки при ЗП Велес, учениците од Средното училиште „Коле Неделковски“ и гостилницата „Боеми“ одржаа хуманитарен настан пред платото на велешкиот театар. Пензионерките понудија за продажба приготвена храна, а собраните средства ги донираа за хуманитарни цели. Претседателката на ЗП Велес Благојка Настова при оваа пригода рече дека 10 пензионерки биле дел од подготовките на нивните благи и солени производи кои се вклучиле во настанот со особена чест и задоволство, како што тоа го прават секаде кога ќе бидат поканети, а особено кога станува збор за хуманитарни настани.

**Дописници на СЗПМ**

ЗП Пехчево

# Отчет за сработеното, план за наредната година

Почитувајќи ги статутарните одредби за јавност и транспарентност во работата, органите на Здружението на пензионери на Општина Пехчево на крајот на годината на дневен ред на разгледување и усвојување ги поставија извештаите за работата за 2022 година, финансискиот извештај и план за приходи и расходи во 2023 година. На разгледување беше и Предлог–програмата за активности на здружението во 2023 година, како и извештајот на НО за контролата на финансиското работење.

Претходно членовите на Извршниот одбор на Здружението како подготовка на седницата на Собранието ги имаа истите документи на усвојување. Собранието на Здружението на својата седница ги разгледа и усвои извештаите за работата во минатата година и ги донесе Програмата за работа и Финансискиот план за приходите и расходите за 2023 година.

● Посебено внимание на седницата делегатите дадоа на Програмата за работа за 2023 година во која приоритет ќе биде даден на неколку сегменти:

Пехчевските пензионери ќе земат учество на сите активности организирани од СЗПМ како учество на регионалните спортски натпревари и регионалните музички ревии на песни, музика и игри, а доколку се даде можност да бидеме домаќини на некоја од овие активности, ќе се потрудиме со добра организација да ја оправдаме улогата на добар домаќин.

● Во соработка со Здравствениот дом „д–р Иван Георгиев“ – Пехчево, здружението ќе се ангажира за обезбедување навремени и квалитетни здравствени услуги на пензионерите, ќе се иницира посета на болни лица во руралните средини и заживување на иницијативата рурален доктор. Со договор со лекарите во Здравствениот дом ќе се организираат едукативни предавања со теми од интерес на пензионерите.

Преку својот делегат во Собранието на СЗПМ здружението активно ќе учествува во работата на органите и телата на СЗПМ со свои конструктивни дискусии и предлози. Ќе се направат напори да се актуализира предлогот со 30 % од средствата со кои располага Сојузот да се формира солидарен фонд и средствата да ги користат малите здруженија за социјална помош на пензионери со ниски пензии, а заради поквалитетна здравствена заштита да се промени висината за ослободување за плаќање на партиципација при болничко лекување од 14.600,00 денари на 18.000,00 денари. Ќе се побара да се изврши промена на листата на лекови на товар на ФЗО со поквалитетни лекови.

● Во соработка со ОО на Црвен крст Берово според одредени датуми како Ден на старите лица, Ден на пензионери и други, ќе се организираат предавања за пензионерите, а волонтери на Црвениот крст по тие поводи ќе делат пригодни печатени материјали.

● На локалитетот „Бараките“, на туристичкиот локалитет „Равна река“, се планира да се организира пикник со учество на гости од здруженијата на пензионери од источниот регион на Македонија, каде што пензионерите ќе имаат можност да се дружат, рекреираат со можност за посета на водопадите во овој дел на Равна Река. Се планира пикникот да биде традиционален со што би се промовирале природните убавини на овој дел на Малешевијата и познатата гостопримливост на пехчевци.

На дневен ред беше и извештајот на Надзорниот одбор за контролата на финансиското работење на Здружението. Во наредниот период во Здружението претстојат изборни активности со избор на нови луѓе во раководството.

**А. Кацарски**

ЗП Демир Хисар

# Март, полн со активности

Собранието на ЗП Демир Хисар, овој месец ја одржа 6–ата редовна седница на која беа разгледани и усвоени повеќе значајни документи. Претседателот Кирило Блажевски, во воведниот збор ја истакна успешноста во работењето на Здружението, притоа наведувајќи повеќе значајни реализирани проекти, ставајќи акцент на социјално–хуманитарната активност, на културно–уметничките и спортско–рекреативните активности и на здравствената заштита.

Во фокусот на расправата беше разгледувањето на годишната сметка за 2022 година која ја образложи претседателот на Надзорниот одбор Пере Петревски кој презентира прецизни податоци и детални појаснувања за секој потрошен денар.

Секретарот Борис Најдовски, во своето излагање појасни дека Здружението функционира согласно со Статутот, актите и правилниците, а подетално се задржа и на успесите постигнати во сите области на работењето.

Седницата помина во конструктивна расправа по точките на дневниот ред и едногласно беше заклучено дека Здружението на пензионери во сите области покажува подем во квалитетот на работата и постигнува забележителни успеси. Посебно беше истакнато дека со домаќинско работење и рационално и наменско трошење на средствата сите програмски задачи навреме и во целост се реализираат.

**Зоран Стевановски**

ЗП Неготино

# 2022 година во знакот на бројни активности

По скоро две години пауза, заради состојбата со ковид пандемијата, неготинските пензионери во текот на 2022 година покажаа бројни активности во сите комисии на здружението, сè со единствена цел да уживаат во пензионерските денови, но и да го надополнат изгубеното време поминато во домашен амбиент. Ова беше основната констатација од отчетната седница на членовите на ИО одржана на 23.2.2022 година, на која покрај другото на дневен ред се најдоа: Извештајот за работата, на Надзорниот орган за 2022 година, Финансискиот извештај за работењето на здружението и активноста на комисиите. По отчетните излагања сите материјали беа едногласно прифатени.



Ден подоцна на 24 февруари 2022 година во Клубот на Активот на пензионерки при здружението, беше одржана последната седница на Собранието. На дневен ред се најдоа материјалите разгледани и усвоени од ИО. Посебно внимание за дискусија предизвика излагањето на претседателите за активноста на комисиите при што во дискусијата беше истакнато дека, сите комисии имаат позитивна оценка за успешната активност. Беа истакнати, комисијата на Активот на пензионерки кои учествувајќи на разни манифестации, покажале висок степен на умешност, добивајќи награди и признанија. Беше истакната и активноста на пензионерите спортисти, кои немаше спортски натпревар, во разни дисциплини, а да не се вратат со признанија и пофалници.

Завиден успех постигнаа и членовите на групата „Распеани Неготинчани“, кои презентираа песни од богатата неготинска музичка ризница, со учеството на манифестацијата „Пензионерите пеат“. 2022 година, беше во знакот и на организирање на бројни посети на знаменити и туристички места, како во земјата така и во странство.

Беше истакнато и организирањето на бројни предавања од областа на подобрувањето на животот на пензионерите и превенцијата од разни болести и вируси. Неодминлива е и традиционалната успешна соработка со СЗПМ која традиционално ќе продолжи и во 2023 години. Седницата заврши со едногласно усвојување на отчетните извештаи за 2022 година.

**Маријана Пешиќ**

ЗП Солидарност – Аеродром

# Средба на Активот на пензионерки

Првиот вторник во месецот е ден кога Активот на пензионерките го одржуваат својот редовен состанок во огранокот Јане Сандански. Во Здружението на пензионери Солидарност – Аеродром во сите наредни вторници до крајот на месецот се застапени активности по разни секции како што се: историска секција, секција за спорт и културно–забавен живот, секција за љубители на книгата. Бројот за присуство на пензионерите секогаш е голем, а се евидентира со потпис. На состанокот кој се одржа на 7 февруари првите минути беа посветени на веќе починатиот претседател на Здружението Димитрија Богатиноски. Претседателката на Активот со одбрани зборови говореше дека претседателот беше човек со големо срце и искуство кој успешно го водеше Здружението. Прашањата и успесите тој несебично ги споделуваше со пензионерите и секогаш беше спремен за совет и за помош. На нас пензионерите ни остана да го следиме неговиот пат и да ги негуваме спомените за него.

Во продолжение се презентираше извештајот за работа за 2022 и планот за 2023 година. Почетокот на 2022 година заклучно со 30.4.2022 г., сите активности се одвиваа во услови на ковид кризата, со почитување на мерките за заштита. Во тој период пензионерките ја покажаа својата активност како волонтерки со подготвување храна во домашни услови и донирање до врата на оние на кои им беше најпотребна. Се посвети големо внимание на социјално–хуманитарната активност во соработка со Црвениот крст на град Скопје, со што беа подготвени педесетина пакетчиња со храна (месени пити, кифли, баници и др.) за бездомници зготвени од пензионерки – волонтерки при ЗП Солидарност – Аеродром.

Со олабавување на мерките за ковид 19, Активот продолжи со своето работење. Во клубовите почнаа да се одржуваат редовните средби и предавања од разни области. На полето на спортот учеството на пензионерките беше на завидно ниво. Во шаховските натпревари жените го освоија второто место. Застапена беше и соработката со други здруженија. Во тој период се одржаа работни средби со ЗП Бутел и ЗП Велес. На денот на волонтерството, 5 декември, во соработка со Црвениот крст на град Скопје се презентираше проектот „Дневен центар за стари лица и центар за давање помош на стари лица во домашни услови“ во просториите на клубот Јане Сандански.

Состанокот продолжи со информација и договарање за првата традиционална активност во 2023 година, „Плачело дете за кора“. Ќе бидат испратени покани до здруженијата на пензионерите од град Скопје за присуство на заедничко дружење кое се одржува секоја година пред празникот Прочка и велигденските пости. На состанокот се договоривме како да го одбележиме празникот на жената 8 Март. На самиот ден на 8 Март ќе имаме заедничко дружење. Во иднина Активот на пензионерките при ЗП Солидарност – Аеродром ќе го продолжи своето работење со уште поголем ентузијазам и интензитет.

**М. Мишковска**

# Harmonizim i pensioneve

**Me pagesën e pensionit të marsit, harmonizimi i të gjitha pensioneve është 8,4%. Kjo rritje e pensionit përfaqëson bazë për harmonizimin e PENSIONIT TË RADHËS.**

**Harmonizimi i pensionit prej 8,4% është vërtetuar në këtë mënyrë:**

**Rritja e indeksit të harxhimeve të jetës për periudhën korrik-dhjetor 2022 në krahasim me harxhimet e jetës në periudhën janar-qershor 2022, është 10,6%, ndërkaq 50% e rritjes së tillë është 5,3%.**

**Rritja e rrogës mesatare e të gjithë të punësuarit për të njëjtën periudhë është 6,2% ndërkaq 50% e rritjes së tillë është 3,1%. Rritja e përgjithshme sipas dy bazave është 8,4%.**

**LSHPM**

SHP Saraj

# Janë realizuar detyrat programore

Më 14.03.2023, Kuvendi i SHP Saraj, ka mbajtur seancën e parë të saj në përbërje të re e cila është mbajtur në sallën e Komunës Saraj. Në këtë seancë, pos anëtarëve të Kuvendit kanë marrë pjesë edhe anëtarët të KE, të KM, kryetarët e degëve si dhe përfaqësues nga: Komuna Saraj, SHPIP, SHP Gjorçe Petrov, SHP Tetovë, SHP Gostivar, përfaqësues nga Kryqi i kuq, përfaqësuesi nga Fondacioni "Albiz" dhe "Dauti Komerc" etj.

Me seancën ka drejtuar kryesuesi Enver Aliu, i cili ka përshëndetur të pranishmit dhe pas miratimit të procesverbalit të seancës së kaluar, ka propozuar rendin e ditës i cili është miratuar pa ndryshime dhe plotësime. Si pika të rendit të ditës, më të rëndësishme ishin: Raporti për punën e organeve dhe trupave të shoqatës për vitin 2022; Raporti financiar për të hyrat



dhe të dalat me Raport nga Këshilli mbikëqyrës.

Lidhur me pikën e parë, kryesuesi i dha fjalën Mahir Duraku, i cili ndër të tjera ka folur për bashkëpunimin me Komunën, me LSHPM, me shoqatat, me Kompaninë "Dauti Komerc" e cila gjithnjë na ndihmon etj.

Përfaqësuesi i Komunës Saraj, sekretari Xhelal Jakupi, ka përshëndetur të pranishmit duke ju dëshiruar shëndet dhe suksese në aktivitete. Komuna Saraj, në mundësitë e veta do të vazhdoj edhe në të ardhmen t'ju del në ndihmë kësaj kategorie.

Baki Bakiu, anëtar i KE dhe i Kuvendit, shkurt ka folur për ndryshimet në statut dhe zgjedhjet në Shoqatë, për bashkëpunimin e shkëlqyeshëm me Kryqin e kuq (aktivitetet e përbashkëta në Klub - Qendrën ditore për persona pleq dhe ndihmë në kushte shtëpiake), për Mirënjohjen e marrë nga LSHPM për kontributin e dhënë të Shoqatës me rastin e shpalljes "Viti i pensionistit rural 2022", më pastaj për pranin e aktiviteteve të Shoqatës në gazetën "Penzioner plus "dhe KOHA" etj.

Aktivitetet e Shoqatës në vitin 2022 i kanë përshëndetur edhe mysafirët e pranishëm:

Nijazi Xhelili nga SHP Gostivar, i cili ka folur më gjerësisht, Selver Memedi nga SHP Tetovë, Mitko Stojanoski nga SHP Gj. Petrov dhe Lutfi Kabashi nga SHPIP Saraj.

Në fund, Raporti për punën e Shoqatës në vitin 2022 është aprovuar.

Edhe lidhur me pikën Raport financiar për të hyrat dhe të dalat në Shoqatë në vitin 2022, arsyetim ka dhënë Mahir Duraku, ndërkaq pas dhënies së raportit edhe nga Këshilli mbikëqyrës - kryetari Hamit Bakiu, Raporti është miratuar.

Në fund është përfunduar se aktivitetet programore në Shoqatë dhe të dhënat financiare realizohen në pajtim me aktet e Shoqatës dhe të LSHP ku jemi anëtarë.

**Baki Bakiu**

# Shoqërim i pensionistëve me Ministren Trençevska me rastin e 8 Marsit

Me rastin e 8 Marsit, Ditës ndërkombëtare të gruas, Ministrja për punë dhe politikë sociale, në Klubin e deputetëve ka organizuar shoqërim



me tridhjeta pensioniste. Ministrja për punë dhe politikë sociale Jovanka Trençevska, duke ju uruar festën e gruas është falënderuar për të gjitha përpjekjet të cilat gruaja i ka bërë në vitet pas, por edhe e palodhur vazhdon me aktivitetet e saja, duke ju ndihmuar të tjerëve dhe me këtë rast ka thënë:

- Nuk ka më bukur se të shënohet Dita e gruas - 8 Marsi, t'i kushtohet grave të cilat kanë ndërtuar shoqërinë tonë dhe duke falënderuar ato sot na gëzojmë të mirat e punës së tyre. Pikërisht ju jeni heronjtë tanë, sepse keni trasuar rrugën për të cilën sot hapërojmë si grua bashkëkohore. Ju ishit ata të cilat luftuat për të drejtat e grave që ta përdorin potencialin e tyre. Ju treguat se nuk ekzistojnë vetëm ta shikojnë shtëpinë dhe fëmijët, por se ato munden shumë më tepër, ajo mundet dhe donë të arsimohet, të ketë edhe profesion, të fitojë dhe kontribuojë për familjen, ndërkaq në të njëjtën kohë t'i kryej edhe obligimet familjare dhe kujdeset për rritjen dhe zhvillimin e drejtë të fëmijëve. Treguat se gruaja mundet barabar të punojë profesione sikurse edhe burrat dhe në pozicione pune të cilat më parë llogariteshin vetëm të meshkujve. Treguat se gruaja duhet të respektohet dhe puna e sajë të vlerësohet. Treguat se gruaja është e fuqishme



dhe dinë të përballen me sfidat të cilat dalin në rrugën kah suksesi i sajë - ka potencuar Trençevska.

Kryetarja e Lidhjes së shoqatave të pensionisteve të Maqedonisë, Stanka Trajkova ka theksuar se vërtet është nder dhe kënaqësi e madhe që bashkërisht me Ministren për punë dhe politikë sociale Jovanka Trençevska të shënohet kjo ditë me datë historike, në këtë mënyrë interesante dhe ka thënë:

- Simbolika e 8 marsit në të vërtet është kohë dhe hapësirë që të aktualizohen nevojat dhe mundësitë e grave për të drejta dhe mundësi të barabarta. Të falënderojmë të parët tanë dhe të porositim se ne gratë jemi me potencial të madh, sepse mund të punojmë shumë punë në të njëjtën kohë - ka thënë ndër të tjera Trajkova.

Ajo ka theksuar se në 53 shoqata të pensionistëve ka vetëm 5 gra kryetare, diçka që duhet të ndryshohet dhe të kyçen më tepër gra në pozicione drejtuese të shoqatave. Me këtë rast ka ndarë, më tepër porosi të fuqishme të cilat kanë të bëjnë me gruan, të cilat i kanë shkruar autorë të njohur. Gjithashtu, Trajkova ka theksuar se gratë pensioniste kanë mbetur aktive edhe gjatë kohës së pandemisë, kanë luftuar që ndihma të arrij gjithkund ku është e nevojshme duke bashkëpunuar me organizata qytetarësh dhe institucione.

Ngjarjen e kanë plotësuar përvojat personale dhe tregimet të thëna nga ana e pensionisteve të pranishme.

**Kalina S. Andonova**

# Puntori për njohjen dhe mbrojtjen nga informacionet e rrejshme

Në jetën e përditshme takohemi me numër të pakufishëm informatash dhe informacionesh të rrejshme nga ato tradicionale, e sidomos ato në rrjetet sociale, për çka është më vështirë të vihet deri në informacion të vërtetë edhe kur përballemi me të, si të dimë se ato janë të vërteta ose janë informacione të rrejshme, ose si t'i njohim ato. Informatat e rrejshme më së shumti janë të menduara ose të kthyera ndryshe me qëllim.





Në lokalet e Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, në organizim të Institutit për studime komunikatave në Shkup, në korniza të projektit "Shfrytëzo fakte", financuar nga Qeveria e Mbretërisë së Bashkuar, me mbështetje të ambasadës Britanike në Shkup, është mbajtur punëtori për njohjen dhe mbrojtjen nga informatat e rrejshme.

Kryetarja e LSHPM Stanka Trajkova, në punëtori ka përshëndetur mysafirët me ç'rast ka thënë:

- Kur nuk jam e sigurt se një lajm a është informacion i rrejshëm ose jo, konsultohem dhe pandërprerë më venë në dije se nuk duhet të besojë të gjitha ato që lexojë në fejsbuk. Dijeninë për atë se si të mbrohemi nga informatat e rrejshme e praktikojmë në gazetën pensioniste në të cilën nuk ka informacione të rrejshme, por vetëm fakte.

Në emër të Institutit për studime komunikimi, ka folur Lejla Shaban, menaxher projekti në Institut, e cila ka theksuar se ideja për punëtorinë është që t'i njohim informacionet dhe si të mbrohemi nga ato.

Në sesionin e parë ligjërues ishte Jasmina Mironski, gazetar, e cila ka folur për informacionet e rrejshme dhe manipulimet mediatike në kohën në të cilën jetojmë.

- Rregull e artë në gazetari, gjithnjë duhet të ketë dy burime për lajmin, ndërkaq, te rrjetet sociale nuk ka rregulla për dhënien e tekstit, prandaj kemi numër më të madh informatash të rrejshme, ka theksuar Sonja Petrushevska Popovska, gazetare në Alsat M, në pjesën e dytë i sesionit të punëtorisë.

Ligjëruesit e punëtorisë kanë dhënë disa këshilla: Gjithnjë të veprohet në mënyrë kritike ndaj secilit informacion, të kontrollohen më tepër burime, të informohemi nga mediumet kredibile, të mos lexojmë vetëm titullin, këto janë vetëm një pjesë e këshillave të cilat ligjëruesit tonë Jasmina Mironski dhe Sonja Petrushevska Popovska i kanë dhënë, duke udhëzuar se si dhe ku të paraqitet informacioni i rrejshëm.

**V. Paçemski**

# Poeti Ismail Ganiu dhe libri "Fjalët e mia"

Veterani i arsimit, poeti Ismail Ganiu u lind në vitin 1947 në Likovë ku kreu shkollën fillore. Ka të kryer Shkollën Normale të Mësuesisë dhe Akademinë Pedagogjike - gjuhë dhe letërsi shqipe si dhe ka diplomuar në Universitetin "Shen. Qirili dhe Metodi" në Shkup. Rreth 43 vite ka punuar si arsimtar i gjuhës dhe letërsisë shqipe. Për punën e tij të suksesshme në sferën e arsimit, është dekoruar me titullin "Arsimtari i dalluar". Një kohë të gjatë ishte edhe kryetar i Shoqatës së Arsimtarëve të Gjuhës dhe Letërsisë Shqipe.

Libri i poetit veteran i arsimit Ismail Ganiu "Fjalët e mia" është libër i shtatë me radhë në krijimtarinë e tij. Poeti në këtë libër 140 faqesh ka shkruar 91 poezi të përshtatshme për të gjitha moshat, sidomos për të rinjtë dhe për të rriturit. Poezitë e përfshira ngërthejnë në vete një mori temash të marra nga përditshmëria e jetës. Ndër të tjera shkruan: për fjalën, jetën, njeriun, Karadakun, dëshmorët, vendlindjen, mësuesin, alfabetin, kohën, nënën, babën, flamurin, veteranët, shkollën, mikun, traditën etj.

Duke ditur rëndësinë e fjalës në jetën e njeriut, ai jo rastësisht tre poezive të para në libër ia kushton fjalës. Në një strofë të poezisë "Fjalët e mia" titull të cilin mban edhe libri, shkruan: Fjalët e mija gjithnjë presin rend, ato ku të shkojnë zënë një vend, krijojnë shoqëri vetëm me modesti, kurrë në borxh nuk më kanë shti...

Poeti Ismail Ganiu shkruan edhe për rëndësinë e shfrytëzimit të kohës duke porositur se duhet shfrytëzuar atë sepse ikën shumë shpejtë. Këtë ai e shpreh shumë mirë në poezitë: "Po vjen koha" dhe "Vallë, a do të kam kohë". Në një strofë të poezive të përmendura shkruan; " S'e di a kam kohë, por kam dëshirë dhe shpresë, që t'i kryej ca obligime, para se të vdes"...

Shumë bukur dhe në mënyrë prekëse përshkruan dashurinë e nënës me zemër bujare ndaj fëmijëve, dëshirat e saja për edukim të mirë të tyre. Në dy vargjet e dy strofave të fundit të kësaj poezie me titull "Nëna, sinonim i flijimit dhe shpresës" ai shkruan: Teknika prodhon çdo gjë në këtë botë, por nuk lind fëmijë dhe nëna që derdhin lot; si dhe në strofën tjetër: e madhe është nëna, me këngë dhe me vaj, kur të vdes ajo edhe dielli do të qajë...





Si veteran i arsimit, në poezinë "Për veteranët e"..., autori ndër të tjera kërkon edhe rritjen e cilësisë në mësim duke theksuar se ajo nuk është në nivelin e duhur.

Në poezinë "Në këtë jetë", poeti në mënyrë të mrekullueshme përshkruan jetën e njeriut në këtë kohë në të cilën ai kërkon që të ndalet zullumi, të ndihkohen njëri me tjetrin, të mos punohet vetëm për interes.

Poeti Ismail Ganiu, shkruan edhe poezi kombëtare, për traditën, për gjuhën, kurbetin etj. Në poezinë "Duke pritur babin", në katër vargjet e para shkruan: Kur iku babi në kurbet, ne ishim fëmijë, nëna e përcolli, me lot në sy...

Poezitë në përmbledhjen e poetit Ismail Ganiu, kanë shpirt dhe ide ku zënë një vend të veçantë në zhvillimin e veçorive emocionale të personalitetit në pasurimin e botës shpirtërore në kalitjen e vullnetit, moralit, ta duam jetën dhe njëri tjetrin etj. Tematika e zgjedhur dhe rima e përshtatur, bëjnë që sapo të fillosh t'i lexosh, nuk ke të ndalur. Shihet se poeti në fjalë është mjeshtër i përputhjes së vargjeve në rimë.

Duke parë vlerën e poezive të zgjedhura në këtë përmbledhje të autorit të mirënjohur Ismail Ganiu, libri u mbështet financiarisht nga Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë sipas programit për vitin 2022 për nxitje dhe zhvillim të veprimtarisë botuese dhe krijimtarisë në moshën e tretë.

**Baki Bakiu**

# Комплексноста на имунитетот

Денес многу се зборува за имунитетот. Зборот има потекло од латинскиот збор immunitas, а укажува на човек кој е слободен и не треба да плаќа давачки на државата. Но, денес зборуваме за имунитетот на човекот во здравствена смисла, за да не плаќа данок на болестите.

Имунитетот кај луѓето во голема мера опаѓа некаде после 50-тата година, а може и порано и затоа треба да се размислува за тоа на време. Имено, народниот лекар и научник Неумивакин предлага за зачувување на здравјето имунитетот во средовечните и старите години, да се практикува во поголема мера растителна и свежа храна. За здраво срце тој предлага физичка активност, клекнувања вели и до 200 пати, полека со навикнување. Тој ги препорачува клекнувањата така што рацете да ни се фатени за некоја греда или дрво.

Докторот пак Дитрих Клинхарт опоменува дека има фактори кои многу влијаат за развој на болести, а кои порано ги немало. Докторот е зачуден како по неговото 20-годишно истражување на автоимуните и хроничните болести, и некои понови болести кај децата, открил дека четири основни фактори влијаат на нарушување на здравјето, кои кореспондираат едни со други, како некои научници намерно да го смислиле овој систем. Во видеото кое е достапно на Youtube, докторот ги спомнува: алуминиумот, глифосатот, флуорот и безжичното зрачење. Вели: овие фактори дејствуваат заедно за да биде нарушена активноста на пинеалната жлезда кај човекот. Нано – алуминиумот и глифосатот кога ќе влезат во крвта создаваат 6 соединенија кои влијаат негативно на работата на пинеалната жлезда. Флуорот исто така, а и зрачењето од 2,4 гигахерци.

Нано – алуминиумот ни се фрла преку управувањето со времето, глифосатот е во исхраната преку запрскување на растенијата, флуорот во водата и пастите, а зрачењето е практично секаде. Тој повикува, ако сè уште има разумни луѓе кои ги водат светските текови, да го запрат сето ова.

А ние сите кои се интересираме за здравјето, мора да дознаеме повеќе за пинеалната жлезда. Зошто е токму таа таргетирана според овие научни сознанија? Таа нè поврзувала со вишите сфери на познанието и воедно ги регулира скоро сите процеси во организмот.

Натаму, во приказната за добриот имунитет е и автофагијата, за која има многу податоци во сите медиуми, како се изведува и кој може би требало да ја практикува. Гладување некаде од 18 часа, изводливо и многу полезно за огранзмот. Му се дозволува на организмот да одмори и да се исчисти од токсини и секакви непотребни клетки.

Шеќерот е многу штетена храна, која организмот ја доживува како токсин. А избегнувањето на кофеинот и пиењето редовно вода и лековити чаеви е големо плус за добар имунитет.

Шетањето во природа, добрите мисли и користењето на времето и енергијата за чинење, се добри нешта.

Не го заборавајте и зеленчукот, особено додека сме во зима. Употребувајте куркума и природни антибиотици.

Заинтересирајте се за природно лекување!

**М.Б.**

# Бројките на лепенките на бананите

Еден број на нив е особено важен – Сигурно сте забележале дека на бананите, но и на другите овошја често им се ставаат лепенки на лушпата. Генерално, луѓето ги лупат пред да ги јадат, но никој не обрнува премногу внимание на нив, а за повеќемина тоа е само обично име на производителот. Сепак, тие носат важна порака! Освен името на производителот, на декларациите според правилниците за квалитет, би требало да се наведени броеви кои, пред сè, откриваат на кој начин тоа овошје е всушност посадено и одгледано.

Четири броеви на лепенката – Доколку на декларацијата покрај името се наведени и четири броеви кои почнуваат со 3 или 4, треба да знаете дека бананата (или друг вид прехранбен производ) е одгледуван со вештачко ѓубре. Така на пример, лимонот е означен со 4033, додека бананите имаат броеви 4011.

Пет броеви – Ако на прехранбените продукти има декларација со пет броеви од кои првиот е бројот 9, треба да знаете дека истата е од органско потекло, поточно дека не е прскана со пестициди.

Првиот број е осум – Почетниот број 8 на декларацијата ви испраќа многу вознемирувачка порака, а тоа е дека таквиот производ е генетски модифицирана (ГМО). Таквите банани имаат лепенки со бројот 84011 и не е добро да се консумираат како и секоја друга генетски модифицирана храна.

Продажбата и производството на генетски модифицирана храна е забранета, но граѓаните со години ја јадат без да знаат. Нема официјални податоци за можни последици по здравјето на луѓето, а тестовите врз животни покажале шокантни резултати. Едно истражување покажа дека заморчињата хранети со ГМ домати развија чир на желудникот со текот на времето. Оние глувци кои јаделе генетски модифицирана соја имале оштетувања на црниот дроб, панкреасот и тестисите, додека зајаците страдале од болести на бубрезите и сериозни проблеми со срцето. Модифицираниот грашок често предизвикува алергии кај лабораториските животни, а маслодајната репка развила замастен црн дроб, а подоцна и цироза. ГМ пченката го загрози имунитетот на тестираните животни, но исто така се покажа дека доведува до абнормални промени во органите и намалена плодност, како и до побрзо стареење и скратување на животниот век. Добро е основано дека генетскиот инженеринг на храната може да има долгорочни последици, не само врз нас, туку и врз нашите правнуци. На пример, состојките од ГМ соја ја менуваат ДНК на пријателските бактерии кои вообичаено живеат во нашите тела, свртувајќи ги против нас. Од 1996 година, кога за првпат беше послужен еден оброк направен од ГМ храна, до денес, бројот на Американци кои страдаат од една или повеќе хронични болести се зголеми за цели 10 проценти. Алергиите на храна се сè почести, а има се повеќе деца со аутизам, луѓе со проблематичен дигестивен систем. Лекарите предупредуваат дека се повеќе жени имаат зголемено лачење на хормонот ИГФ-1, директно поврзан со ракот на дојката, а добар дел од нив пиеле млеко од крави на кои им биле инјектирани хормони за раст. Што се однесува до животната средина, ГМО ја загадуваат почвата и природата – засекогаш! Според некои екологисти, последиците би можеле да бидат катастрофални од оние што ги остава радиоактивниот отпад. Проблемот не е само во генетски модифицираниот организам, туку и во некои нови хербициди, пестициди и други отрови кои се прскаат врз растенијата за да растат подобро и побрзо. Пример е целосното истребување на пеперутките монарх каде што се одгледуваат генетски модифицирани култури.

**Б. А.**

# Третман на болки во долниот дел на грбот

Опциите за третман се речиси исто толку различни како и причините. Возрасните кои можат искрено да кажат дека никогаш немале болки во грбот се во мал број. Истражувањата откриваат дека девет од 10 луѓе изјавиле дека чувствувале болки во грбот, некои со денови, други со месеци или години. Долниот дел на грбот е најчестото место каде што се појавуваат артритични болки во грбот, најчесто од остеоартритен тип.

Постојат повеќе видови на болки во грбот и тие се од разни причини. На пример само при едноставно вртење или свиткување на погрешен начин може да ги раздвижи вашите често слаби мускули. При тоа перничињата исполнети со гел помеѓу пршлените на грбот може да се извлечат од нормалната положба и да почнат да вршат притисок врз нервите. Втора причина може да биде оштетување на ’рскавицата во зглобовите која ги поврзуваа прешлените во долниот дел на грбот. Списокот на можни причини може да потрае цела статија.

Решение? Терапијата со масажа е најпрепорачаниот комплементарен третман од лекарите, според истражувањето од 2020 година.

Кога имаме болки, ние сме условени да испиеме таблета за болка. Тоа е во ред и помага, но краткорочно и тоа во случаи ако болката се јавува само ретко или ограничено време. Земањето таблета за болка во овој случај не прави некаква сериозна штета. Меѓутоа, на долгорочна основа, кога болката станува хронична, континуирана и постојана, употребата на лекови против болки носи ризици. Луѓето кои редовно земаат лекови против болка се изложени на ризик од оштетување на бубрезите и крвавење на гастроинтестиналниот тракт. Гастроинтестиналното крвавење е добро познат ризик од прекумерна употреба на нестероидни антиинфламаторни лекови. Од друга страна, наркотиците и опијатите во таблетите против болка можат да создадат проблеми како што се залек и зависност, како и значително зголемување на ризикот од паѓање и повреди кај пациентите, особено повозрасните.

Американските лекари ставаат голем акцент на обезбедување на практичен третман со помала употреба на лекови за болка.

Болката во грбот честопати исчезнува сама по себе, но, во зависност од сериозноста на болката или нивото на толеранција на поединецот, многумина бараат итна лекарска помош. Други пак чекаат премногу долго за да се консултираат со нивниот матичен лекар кој се грижи за нивното здравје.

Нехируршките третмани може да вклучуваат одмор, вежбање, физикална терапија, лекови, снимки, акупунктура и други техники за управување со болка. Американската академија на ортопедски хирурзи вели дека е најдобро во повеќето ситуации да се пробаат нехируршки опции шест месеци до една година, пред да се размислува за операција.

Операцијата треба да се земе предвид само ако вашиот лекар може точно да го одреди изворот на вашата болка. На многу болки во грбот не им е потребна операција. Тоа е нешто за што можат да се согласат лекарите од цел свет. Конвенционалната медицина е филозофија на медицината што ја практикуваат лекарите од многу клиники, но тие исто така силно го нагласуваат и истовременото лекување на целиот пациент. Докторите од остеопатска медицина се залагаат за тезата дека човечкото тело има вродена способност самото да се лекува. Тие ја прифаќаат валидноста на обуката и вештините на другите луѓе и дека телото има способност да се лекува ако му се даде соодветна поддршка.

Меѓутоа сите се сложуваат дека во основа на сите проблеми од овој вид е нарушувања на мускулно-скелетниот систем и нервниот систем предизвикано најчесто од седење, лошо држење на телото, не движење, но и од генетска предиспозиција. Во тој контекст е и нивното влијание на скелетните тегоби што ги третираат. Со други зборови сите ја прифаќаат физикалната терапија како валиден третман. Многу лекари поддржуваат и акупунктура.

Меѓутоа во случај кога испаднал периферениот моторен неурон (не може да се крева стапалото) потребно е навремено да се интервенира хируршки, за да не дојде до декомпресија на нервот.

**Д-р Томислав Ангеловски, специјалист по физикална медицина и рехабилитација**

# Алуминиумска фолија

Докторско предупредување: Веднаш престанете да користите алуминиумска фолија при подготовка на храна! Човечкото тело може ефикасно да се справи со мали количини метал, но проблемот е што мнозинството ќе внесе многу поголем внес поради ставање храна во алуминиумска фолија.

Алуминиумската фолија долго време се користи во домаќинството. Не е ни чудо, бидејќи е многу корисна за различни цели. Често се користи за покривање на веќе подготвената храна или за покривање на храната при печење. Но, лекарите неодамна објавија истражување кое покажува дека ако користите алуминиумска фолија при подготовка на храната, може сериозно да му наштетите на вашето здравје. Американскиот универзитет во Шарја објави дека едно парче месо подготвено во фолија содржи и до 400 милиграми метал, додека Светската здравствена организација наведува дека е дозволен внес од само 40 милиграми дневно. Тие објавија и како употребата на алуминиумската фолија во подготовката на храната е поврзана со остеопорозата и Алцхајмеровата болест. Покрај проблемите со коските и мозокот, користењето на алуминиумска фолија ги оштетува и белите дробови. Студијата покажала дека храната зготвена во кисели течни раствори, како што е сок од лимон или сос од домати, апсорбира најмногу од алуминиумската фолија, а дополнителните зачини ги зголемуваат тие метали. Храната што е подготвена во алкохол или е само солена не апсорбира толку многу. Човечкото тело може ефикасно да се справи со мали количини метали, но проблемот е што поради честото завиткување на храната во алуминиумска фолија се внесуваат многу поголеми количини.

**М. Д.**

КОРИСНИ СОВЕТИ

# Сапун



Иако единственото место каде што можете да ги видите е бањата, сапуните имаат многу намени кои воопшто не се поврзани со хигиената. Времето нè натера да ги замениме обичните сапуни со некои течни сорти или екстра мирисливи шипки, но цврстиот сапун секогаш ќе биде корисен поради некои од неговите специфични својства. Сапунот е доволно прилагодлив за да ја надмине својата примарна функција за перење и миење. Доколку сепак чувате сапун само во бањата, треба да знаете дека е одлична идеја да имате сапун во секоја соба од домот. Ако се прашувате зошто, прочитајте го текстот подолу.

**1. Каснувања од инсекти**

Ако ве мачат каснувања од инсекти, навлажнете парче сапун и втријте го на каснатото место.

**2. Против чкрипење**

За шкрипечки врати, фиоки или подови, втријте нов сапун на специфичното шкрипечко место (шарки или шини).

**3. Спречува потење**

Дали ви се замаглуваат очилата? Исчистете ги со малку сув сапун и избришете ги со чиста крпа. Истиот метод се користи за да се спречи замаглување на огледалото во бањата.

**4. За одглавување на заглавените работи**

Сè што ќе заглави, на пример на прозорците, можете да го „измиете“ со сапун за лесно да се отстрани. Само исчистете со сув сапун. За одглавување прстен или патент.

**5. Отстранување на непријатните мириси**

Наместо да користите мирисливи свеќи, освежете ја вашата гардероба, фиоките или куферите така што ќе оставите сапун каде што сакате да мириса убаво и свежо.

**6. Отстранување на дамки**

Ако имате жолти дамки на јаката или која било друга дамка на облеката, намачкајте ја дамката со сапун и оставете ја да отстои пред да ја измиете во машината за перење.

**7. Градинарство**

Отстранете ги инсектите, глувците и другите штетници од градината со сапун. Ако не знаете како да ја заштитите вашата градина, пресечете парче сапун на половина и секоја половина закачете ги на метална прачка и ставете ги на оние места во градината каде што најчесто се гледаат штетници. Можете да ги закачите и на конец.

**8. Тесни чевли**

Дали кожата на чевлите е тврда и ве убива? Нанесете сапун на деловите што предизвикуваат триење, како што се горните внатрешни делови и аглите.

**9. Подмачкување на метал**

Пред да започнете да ги забивате клинците, нанесете сапун за да ги подмачкате. Истото можете да го направите и со други алатки, игли за шиење итн.

**10. Грчеви во нозете**

Можеби звучи како „бабини деветини“, но ставете сув сапун помеѓу чаршафите за да спречите грчеви во нозете навечер. Луѓето кои го пробале овој трик тврдат дека функционира!

**11. Се користи за обележување**

Ако треба да ги означите линиите за сечење додека шиете, користете сапун наместо креда или маркер.

**12. Против молци**

Ставете сапун во џебовите на облеката илимеѓу волнените килими.

**Д.М.**


НАЈПОВОЛНИ
КЕШ КРЕДИТИ
ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
ДО 75 ГОДИНИ ВО
ИУТЕКРЕДИТ
МАКЕДОНИЈА
До 250 000 ден. на 48 месечни рати
Месечна рата 4 346 денари
Земи 60 000 денари
Рок на отплата 24 рати
Аплицирај за кеш кредит само со лична карта и чек од пензија во експозитурите на ИутеКредит, преку веб страницата www.iutecredit.mk, преку мобилната апликација MyIute или на телефон 13 333. Парите се достапни за само 10 минути.
iutecredit


ПРОМО
Депозит
3,5%
на рок од
36 месеци
3,5% за МКД
2,6% за ЕУР
halkbank.mk

## ПАТУВАЈТЕ - СОНУВАЈТЕ

# Норвешка

Норвешка е земја на илјада фјордови која привлекува многу луѓе поради своите исклучително модерни и поволни услови за живот, но и патници од светот кои сакаат да уживаат во северната светлина и екстремните, волшебно убави природни убавини. Кралството Норвешка зафаќа околу 385 илјади квадратни километри на север од Европа. На исток се граничи со Шведска, на југ со Финска и на исток со Русија, додека од Данска е одвоена со Скагеракскиот Теснец. Нејзината територија опфаќа дел од Скандинавскиот Полуостров и нејзините придружни фјордови долж Атлантското и Баренцовото Море, островот Јан Мајен и арктичкиот архипелаг Свалбард. Тоа е економски исклучително развиена земја богата со нафта, природен гас, шуми и минерали. Земјата има нешто помалку од 5 милиони жители, што ја прави една од најмалку населените земји на Стариот континент. Норвешка е и земја со високи стандарди, редовни и натпросечни примања и таканаречениот скандинавски социјален модел, кој вклучува бесплатно здравствено осигурување и високо образование. Треба да се



спомене и дека не е членка на Европската унија, за што се одлучи населението на референдум, иако тесно соработува со најважните органи на оваа асоцијација.

> Норвешка е земја со високи цени, но и исклучително добар животен стандард и релативно многу мали социјални разлики;

> Земја со најмал број пушачи во Европа;

> Норвешка има и најсреќна популација меѓу нордиските земји;

> Норвешка е земја со најголема густина на електрични автомобили во светот. Главниот и најголем град – Осло – се наоѓа на работ на истоимениот фјорд и го претставува политичкиот и економскиот центар на земјата. Минатата година му беше доделена титулата најскап град на светот за живеење. Норвешката кујна се базира на свежа, солена или сушена риба и млечни производи. Месото не е често на норвешките менија, но е присутно. На пример, за време на празниците се јаде овчо и козјо месо, а познати се и деликатеси од ирваси, северноамерикански лос и еребица. Населението го сака ритуалот на пиење кафе наутро, а тие се големи љубители и на алкохолот – особено на акевита – алкохолен пијалак кој се прави со дестилирање на компири со додаток на ким, анасон и коријандер. Норвешка има знаменитости и туристички атракции. Главната туристичка атракција на Норвешка се нејзините фјордови, а најпосетуван е Согнефјорден во провинцијата Согн ог Фјордане на западот на земјата. Долг е 205 километри, а се смета за втор по големина фјорд во светот. Тоа го вклучува и Nærøyfjord, опкружен со прекрасна флора и фауна, кој исто така е под заштита на УНЕСКО. Туристите сакаат да ја посетат и најсеверната точка на европскиот континент – Нордкап или Северниот Кејп, кој се протега на карпа висока 307 метри. Од тука е можно да се доживеат природните феномени на поларниот ден и поларната ноќ, односно времето на постојана сончева светлина и негово целосно отсуство. Волшебната поларна светлина е видлива и во Норвешка. Официјален јазик: норвешки, религија: христијанство (мнозинство од населението), валута: норвешка круна (NOK), виза: не е потребна.

**К. С. А.**

## Цитати од Марија Кири, првата жена која освоила Нобелова награда во 1903

- За ништо во животот не треба да се плашиме, треба само да го разбереме. Сега е време да се разбере повеќе, за да се плашиме помалку.
- Биди помалку љубопитен за луѓе, а повеќе за идеи.
- Животот не е лесен за никого. Но, зошто е сето тоа? Мора да сме истрајни и пред сѐ да имаме доверба во себе си. Мора да веруваме дека сме надарени за нешто и дека тоа нешто мора да биде постигнато.
- Научникот во својата лабораторија не е прост техничар: тој е исто така и дете кое соочувајќи се со природните феномени се воодушевува, како да се тие некои бајки.
- Сиот мој живот, новиот поглед кон природата ми создаваше радост како на дете.
- Јас сум од оние кои размислуваат како Нобел, дека човештвото ќе привлече повеќе добро отколку зло со новите откритија.
- Колку повеќе старееме, толку повеќе имаме потреба сегашниот момент да го осетиме, нешто споредено со состојба на благодат.
- Радиумот не треба да збогати никого. Тоа е елемент; припаѓа на сите луѓе.
- Мораш да бидеш бестрашен за она што го правиш доколку е исправно.
- Постојат садистички научници кои брзаат да ги најдат грешките повеќе, отколку да ја произнесат вистината.
- Одлучи се. Забавувај се и започни! Светот очекува да го откриеш својот дар!
- Пјер Кири дојде да ме посети и покажа едноставна и искрена симпатија кон мојот студентски живот. Наскоро тој имаше обичај да разговара со мене во врска со неговиот сон да живее живот потполно посветен на научното истражување, а потоа и ме праша дали сакам да го делам тој живот со него.
- Мојот сопруг и јас бевме толку тесно сврзани од нашата возбуда за нашата заедничка работа, така што го минувавме скоро сето време заедно.
- За времена годината 1894, Пјер Кири ми напиша писма, кои ме воодушевија од нивната форма. Ниту едно не беше долго, бидејќи тој концизно се изразуваше но, сите беа напишани со искрен дух, со очигледно неспокојство, поради потребата оној когошто го беше избрал за свој сопатник да го запознае каков што тој е.
- Понекогаш морав да го минам сиот ден мешајќи маса што врие со тешка железна прачка голем скоро колку мене. Бев скршена од умор, на крајот од денот. Во спротивност, во други денови имав многу куса и деликатна фрактална кристализација, со желба да го концентрирам радиумот.
- Прв принцип: никогаш да не се случи нечие его да биде срушено од луѓе или настани.
- Човештвото исто така има потреба од сонувачи, кои се толку многу незаинтресирани за развојот на потфатот, така што станува потполно невозможно за нив да се погрижат за својот материјален профит.
- Многу е важно да се направи сон од животот, а од сонот реалност.

**Маја Белева**

## КРСТОЗБОР

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СЗ ПМ | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | СЗ ПМ | 7 | 8 | 9 | СЗ ПМ | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 16 | | | | | | | 17 | | | | 18 | | | | | | |
| 19 | | | | | 20 | | | | | | | | 21 | | | | |
| 22 | | | | 23 | | | | | 24 | | | | | 25 | | | |
| СЗ ПМ | 26 | | | | | | 27 | | | 28 | | | | | | 29 | |
| 30 | | 31 | | | | | | 32 | | | 33 | | | | | | 34 |
| 35 | | | | 36 | | | | | 37 | | | | | 38 | | | |
| 39 | | | | | 40 | | | | | | | | 41 | | | | |
| 42 | | | | | | | 43 | | | | 44 | | | | | | |

**Хоризонтално:** 16., Годишно доба кое започнува во март; 17. Еден пролетен месец; 18. Преграда; 19. Името на шпанскиот фудбалер и тренер Фернандо (1968); 20. Слон (англ.) 21. Подготвентурц.); 22. Германско–аметикански диригент, пијанист и музички педагог, Мартин (1905–2000); 23. Дом; 24. Благороден гас, што се користи за свет–лечки реклами; 25. Река во Франција; 26. Индиски музички инструмент; 27. Историско место во Мала Азија; 28. Драгоцен мек метал, блескав, ковен и електроспроводлив и служи за накит и подароци; 29. Првата буква; 30. Автознак за Романија; 31. Град во Босна и Хетцеговина; 32. Коњска сила (крат.); 33. Маслина (лат.) 35. Името на народниот херој Паликуќа, партизанка народен херој (1927–1944); 36. Најситен дел на хемиски елемент; 37. Храна за добиток (мн.); 38. Нуклеарна магнетна резонанца (крат.); 39. Името на македонската пејачка на закана музика Оџаклиевска (1954); 40. Обложување; 41. Фијатов модел; 42. Жена од арапската нација; 43. Домашно животно (јарец); 44. Народниот херој Благој со прекарот Мучето (1911–1944).

**Вертикално:** 1. Крал кој се спротивставил на надирањето на римјаните и ги победил во 280 год. пред н.е., но подоцна исцрпен морал да потпише мир; 2. Турска титула; 3. Едно од најубавите собни растенија од големото семејство на цветни растенија; 4. Река во Авганистан; 5. Автознак за Шпанија; 6. Бележник, тефтер со празни листови; 7. Листа на јадења во ресторан; 8. Некогашен говорник на етиопските кралеви; 9. Името на полскиот крал Собјески (1624–1698) победник на Турците кај Виена 1683 год.; 10. Познат римски историчар, географ и историчар кој живеел во Александрија; 11. Знак за радиус; 12. Екот; 13. Инструмент кој ги покажува саатите; 14. Јужнокорејска автомобилска компанија; 15. Слаткарски производ; 17. Музичка нота; 18. Неделен енигматски забавник (крат.); 20. Најдолга река во поранешната Југославија (990км), десна притока на Дунав; 21. Прашално зборче; 23. Тремоло (крат.); 24. Автознак за Скопје; 25. Лична заменка; 26. Слик; 27. Англиски историчар и египтолог, Давид (1950); 28. Кратко театарско дело; 29. Општина во Франција кај Пиринеите; 31. Град и пристаниште во Црна Гора; 32. Кратенка за новинска агенција на Мароко, Алжир и Тунис (Магхреб Арап Пресс); 33. Различни согласки; 34. Фортификационен објект; 36. Таблета; 37. Доктор (крат.); 38. Автознак за Тунис; 40. Знак за кралот во шахот; 41. Самогласка.

**Лик и состав: Георги Хаџи-Васков**

**Решение: пролет, мај, пречка, Иеро, елефант, каил, Рих, стан, неон, Сав, ситар, Ис, злато, а, Р, Дврар, КС, олива, Ибе, атом, крми, НМР, Маја, кладење, Типо, арапка, прч, Јанков.**

## Хумор

– За последен пат те прашувам: Кога ќе ми ги вратиш парите?

– Супер! Колку се радувам, што повеќе нема да ми го поставуваш тоа идиотско прашање.

* * *

– Горанчо, ајде кажи еден цицач што лета?

– Стјуардеса.

* * *

Во продавница за чевли:

– Извинете, имате ли крокодилски чевли?

– Да, кој број носи вашиот крокодил?????

* * *

– Васко, внимавај кога ќе ја коваш шајката да не си го удриш прстот со чеканот!

– Не грижи се мамо! Шајката ја држи комшијата....

* * *

Млад човек е примен на работа во голем супермаркет и првиот ден го пречекува менаџерот, го поздравува срдечно и му вели:

– Твојата прва задача денес ќе биде да го избришеш подот.

– Ама јас сум факултетски образован, не знам како.

– Оф леле! Дај ми ја метлата, да ти покажам како.

* * *

– Докторе не сум добар. Се чувствувам уморен.

– Ти фали сон. Легнувај си порано со кокошките.

– А со колку кокошки докторе? Имам само една.

* * *

Улаза дома муж и носи с’с себе копач и лопату.

– Што ти е овој Цветко?

– Фитнес алатке. Да ослабнеш малко!

* * *

– Ало полиција во станот влезе мачка.

– Па што. Мачката не е опасно животно.

– Како не е? Јас сум папагал, а дома сум сам!

* * *

– Маро што сакаш да ти купам за роденден?

– Да размислам, нешто за врат, за ушите или за раката...

– Нема проблем. Ќе ти купам сапун да си ги миеш мила.

* * *

– Сакам да купам јак тепих за во детска соба.

– А колку деца имате?

– Пет!

– Тогаш најдобро асфалтирајте го подот!

* * *

Се вози пијан во автобус. Шоферот вика: Следната станица е Дом 8 март.

– Да му се снევиди пак ли? Па беше 8 март пред две недели?!

* * *

– Ало полиција. Ја нема бабата веќе 2 недели. Ве молам пронајдете ја.

– Па зошто сега јавувате.

– Задутре треба да земе пензија, да не ја потроши на глупости.

* * *

– Пред да се земеме ми носеше подароци, а сега ништо. Зошто?

– Е мори жено што се чудиш? Си видела ли рибарот да и носи црви на рибата откако ќе ја фати?

* * *

Во продавница за мебел:

– Ве молам сакам да го купам највисокиот орман што го имате.

– Зошто, висок ли ви е многу таванот?

– Не, пријателот ми е многу висок!

* * *

– Тато, ај да одиме во циркус.

– Џабе пари да гледаме глупости.

– Перица вели било убаво се превртувале голи тетки.

– Мила, одиме со малиот во циркус да гледаме слон како вози велосипед!

## Желката и орелот

Желката го молела орелот да ја научи да лета. Орелот и рекол: – Седи си мирно и оди си како и досега, подобро ќе ти биде зошто не си создадена да леташ.

Желката постојано му здодевала на орелот молејќи го.

Орелот ја земал, ја кренал високо и ја пуштил и ѝ рекол:

– Ајде летај сега!

Желката почнала да „лета“, но не умеела. Паднала на земјата и целата се здробила.

ПОУКА: Најдобро е да се запознаеме себеси и да не правиме она што не е за нас.



ЗП Велес

# Манифестацијата „Блакцето на баба“ по 28 пат

На 24 февруари беа одбележани 28 години од постоењето на Републичката манифестација при ЗП Велес „Блакцето на баба“.

Манифестацијата „Блакцето на баба“ за првпат беше одржана1994 година благодарение на идејата на нашите пензионерки кои со својот ентузијазам и несебично ангажирање придонесоа да му се даде смисла на постоењето на



Активот на жени, да се зачува наша македонска традицијата, за да не се изгубат корените. Со оваа манифестација се сака на помладите генерации да им се пренесе нешто што ние сме го наследиле од нашите баби за да не се заборави и да остане за вечни времиња како што е вечна нашата Македонија.

И тој ден се почувствува вкусот на „Блакцата на баба“ за коешто многу придонесоа вредните пензионерки од активите на пензионерки од здруженијата на пензионери од нашата држава.

Тие ја збогатија трпезата со разни видови вкусни стари традиционални македонски блакца. Тие беа вкусни и затоа сите беа прогласени за најубави.

Најнапред гостите беа поздравени од претседателот на ЗП Велес, градот домаќин, д–р Веле Алексоски, а потоа претседателката на Активот на жени при ЗП Велес Благојка Настова, која изрази голема благодарност за масовното присуство на манифестацијата.

М–р Илија Адамоски, претседател на Собранието на СЗПМ манифестацијата „Блакцето на баба“ ја прогласи за отворена. На учесничките им беа доделени благодарници за учеството, од страна на претседателката на Активот Настова, која за крај рече:

„Драги пензионери, почитувани гости, чест ни беше што се друвевме, се гледаме повторно догодина на 29 по ред, на Манифестацијата „Блакцето на баба“, а дотогаш пронајдете нови и уште постари рецепти за блакца, за да се потсетиме на нашите обичаи и нашите блакца македонски.

**Н. Алексоска**

# Нови сознанија, нови докази

Се приближуваме кон почетокот на пролетта. Веќе има светлина на крајот од зимскиот тунел. Пролетта носи радост. Желба за нов почеток. Покрај тоа, што природата многу малку е изменета, ние пак многу се мениваме. Светот се забрзано се менува и го променува својот облик. А ние пак понекогаш се прашуваме и за безвременото време. За просторот зад времето и димензиите. Читаме, гледаме и се поучуваме. Што научивме?

Помина и интернационалниот Ден на жената. Некои извикуваат: да се врати матријархатот! Жените ќе го водат светот подобро, поубаво. Но, тука се крие и една замка. Жената може да даде свој поглед и коментар на сè што се случува во светот и во земјата но, таа не треба да престане да биде жена. Жените знаат навистина да бидат многу мудри, издржливи и да го наоѓаат вистинското решение без да повредат некого. Тоа е женската сила – љубовта. Ако мажите и жените ја добиваат и умножуваат само во заедница, во семејството. Мажите и жените се тука заедно и сплотени во бракот, за да си помагаат, а не да си ги преземаат улогите. Не да се натпреваруваат и надмудруваат. Ако семејството е најважната клетка на општеството, а семејството е светиња, тогаш и државата како големо семејство треба да е светиња. Децата и новите генерации се плод на таа света обврска и радост и љубов.

Слушав едно интервју на една професорка од соседните земји и жената ме воодушеви со своето домаќинско и љубовно размислување. А тоа беше повикот на емисијата, аспектот на жената и мајката. Имено, за сите теми кои беа допрени, професорката велеше дека ги имаме изгубено свештените вредности. Тоа се вредностите кои ни ја даваат вечната вредност. Бидејќи зборот свештено доаѓа од светлина, тоа се вредностите кои никако не смееме да ги изгубиме, оти тие ни ја даваат вистинската слика за светот. Тоа се очите на нашите очи.

Тука веќе морам да го оправдам насловот на текстот за нови сознанија и докази. Во контекст на брзото развивање на светот. Моето гледиште е дека многу нови сознанија и нови докази од многу сфери потврдуваат дека свештените вредности се полезни за човекот и општеството. А кои се свештените вредности? Накусо: верата, надежта и љубовта и сè што произлегува од нив. Односно тоа е: не може да ми се кажува дека она што го гледам со свои очи, дека не е така. Не може некој да ми кажува, што треба да сака моето срце, и што треба да мисли мојот ум.

Светлината осветлува сè и ги покажува сите нерамнини. Па така, во размислувањето за брзиот развој спаѓа и употребата на инсекти во исхраната, манипулациите со генетскиот инженеринг, управувањето со времето и фреквенциите со кои се делува, воведување на џендерната идеологија во главите на малите луѓе – нашата иднина, вештачката интелигенција, медицинската инквизиција итн. Употребете ги како критериум вечните вредности и ќе видите во која насока не води брзиот развој и т.н. прогрес.

Но, мора да бидеме луѓе на своето време. Колку само генерации на наши предци поминале пред нас, за ние да имаме сè што ни треба за спокоен живот. И тоа е она што го сакале нашите предци. Според зборовите на професорот д–р Џон Ленокс, обидите на вештачката интелигенција и транс – хуманизмот да го достигнат вечниот живот на земјата се само пародија на она што е веќе проповедано и исполнето според свештените книги на христијанството. Фали уште завршетокот.

**Маја Белева**

ЗП Карпош

# Одбележана 79-годишнината од смртта на големиот македонски херој Кузман Јосифовски - Питу

Здружението на пензионери Карпош, во Република Македонија има воспоставено добри релации со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Сојузот на борците и со локалната самоуправа на Општина Карпош. Информирањето, соработката, чествувањата и размена на мислења за одредени актуелни прашања меѓу нашето членство во Здружението е особено значајно, како со СЗПМ, така и со Сојузот на борците и со локалната самоуправа. Ова секогаш ќе го презентираме во весникот „Пензионер плус“. Ова е многу важно бидејќи златно правило е пишаното и забележаното во печатен или електронски медиум, истовремено е и трага во времето, нешто што останува како аманет за идните генерации. Таков еден аманет е и одбележувањето на 79–тата годишнина од смртта на Кузман Јосифовски – Питу, на 25 февруари 2023 година.



Да се потсетиме дека токму на тој ден во далечната 1944 година Кузман Јосифовски – Питу загинал во пресметка со бугарски фашисти при обид да го напушти Скопје, и да се приклучи кон партизанските единици. Поради неговата неуморна народноослободителна дејност е наречен втор Гоце Делчев на НОБ. Врз основа на тоа, подоцна на 2 август 1945 година, Кузман Јосифовски – Питу е прогласен за Народен херој на Југославија, при што спаѓа меѓу првите борци од Македонија кои го добиле тоа високо одликување, заедно со Стив Наумов, Орце Николов, Страшо Пинџур, Мирче Ацев и Христијан Тодоровски – Карпош. Нека им е вечна слава!

Како и секоја година, така и оваа, на 25 февруари претседателот на Извршниот одбор од нашето Здружение, Трифун Донев, заедно со членовите од одборот, претседателите на ограноците и други членови на Здружението положија свежо цвеќе пред споменикот на Кузман Јосифовски – Питу. Споменикот се наоѓа во населбата Козле, со што му оддадовме почит на големиот народен херој. Тој бил еден од главните организатори на антифашистичкото движење на НОБ во Македонија. Пред бистата на револуционерниот деец, се поклонија многубројни граѓани, членови на Сојузот на борците, претставници на политички партии, пензионерски здруженија и советници на Општина Карпош. Благодарение на Општина Карпош уреден е просторот на спомен–обележјето.

И на крај една порака: ако нашите народни херои се бореле за нашата слобода, за слободна и независна Македонија, денешните генерации треба да се насочат и ангажираат кон економскиот и безбедносен развој на нашата татковина, државата Македонија.

**Душан Јовановиќ**

ЗП Прилеп

# Андон Пеовски, варосува, бојадисува без пари, за здравје

Прилепчанецот, Андон Пеовски во градот го познаваат многумина од повозрасните граѓани. Тој е човекот кој сè што ветил и исполнил, посебно ако се работи за молерисување, бојадисување. Речиси, нема зграда, или поточно нема куќа во Прилеп која не е помината со четката на Андона. А, бојадисува, молерисува многу години наназад. Андон сега е пензионер на 74 години, но со право може да се каже дека е еден од поактивните пензионери. Уште како ученик го научил молерскиот занает. По завршувањето на основното училиште Пеовски го посетува средното индустриско училиште. Станал автолакер, а потоа и молер. На неполни осумнаесет години се вработува во тогашната фабрика за превотни тела „Пролетер“ каде што ги бојадисувал и лакирал металните делови на тогашните лустери. Паралелно со ова работел и на вториот негов занает, молерисувањето. Како молер, долги години работел и во градежното претпријатие „Прилепец“.



– Се определив за занаетот, кој како да ми остана наследство од мојот татко Вангел, тој беше мајстор. Јас, сум роден овде во Македонија, а моите се бегалци од Егејскиот дел на Македонија. Поточно, татко ми и мајка ми по Граѓанската војна во Грција се протерани од нивното Каљари, ене онде зад Витолишката, Железна врата. Сум бил повеќепати во родното село на моите, таму имам мои први братучеди. Си одиме и ни доаѓаат на гости. Дел од моите повозрасни браќа, беа родени во Каљари. Такви биле времињата, мачни и несигурни. Овде во градов ме знаат многумина, имам работено со занаетот на многу куќи. Не сакам да се фалам, ама за молерисувањето, за бојосувањето, за дотерувањето на боите ниту сегашниве компјутери не ми се рамни. Сега веќе застарев, но сепак сакам да ја земам четката в рака и да се качам на скала. Тоа, го чинам од мерак, но пак да кажам само за пријатели, а не како некогаш што не знаев за одмор. По мене со занает се зафатија и моите двајца синови. Едниот Гоце сега живее во Шведска и е шеф во машинско одделение на Сканија, а другиот Љупчо има фирма за автомобилски, автолимарски работи и шлеп–служба.

А, Андона многумина во последниве години го знаат и го запознаваат при посетата на блискиот манастир Свети Димитрија, во Селце. Нема неделен ден, или празник тој да не е таму. Повеќе од седум години е во управата и со право може да се каже дека е еден од малкумината кои сакаат да придонесат и да го направат овој многу посетен близу до градот манастир, убаво место за рекреација.

– Помагам, колку што можам. Ми чини задоволство кога ќе ги видам младите кои сега нема ден да не се „прошетаат“ до Селечкиот манастир, особено сега откако се асфалтира патот до манастирот. А, ние како управа се трудиме да им направиме подобри услови на сите посетители. Имаме убава и голема трпезарија, имаме добра тераса на конаците, успеавме и ја реновиравме црквата, го заградивме со блокови големото двориште манастирско. Ја направивме големата камена порта, а сега во Кичево при крај е изработувањето на големата дабова, масивна порта. Нема куќа во Прилеп од каде што ќе забележам камен „кукулски“ дека им смета на газдите, веднаш прашувам, наоѓам трактор и го носам горе во манастирот. Работам се и сешто. Мојот син Љупчо пред десетина години откако станав пензионер се вети и даде збор дека ќе ја купи бојата за конаците на манастирот Свето Преображение на Томе Проески, а јас се разбира бев молерот за внатрешното бојадисување на собите и надворешната фасада на конакот. Ја работев и дограмата со мрсна боја. Работев и сè уште работам за здравје мое и на моите домашни и на семејствата на моите два сина. Имам пет внуци, тројца овде и двајца во Шведска. Во Шведска одам скоро секоја година, не знам колку пати сме биле со мојата Даница таму. И, таму, немајќи што да правам се нафатив и му ја бојосав фасадата на куќата на мојот син. Комшиите посакаа и нивните фасади да им ги молерисам, го бендисаа моето работење, ама синот не ме остави. Сум бил и во Австралија неколку пати, сум ја прошетал и вдолж и попреку.

За здравје, и се разбира бакшиш, без пари, Андон им ја бојадисал и црквата Св. Богородица во Крушево. Крушевчани, на кои им било страв да се качат на високо често го задевале одоздола велејќи дека ете го прилепчанецот, иако не знаеле од каде е само претпоставувале, дека штом се качува без страв мора да е од Прилеп. Таму го бојадисал и крстот горе на куполата. Работел во манастирите во Беловодица, Загорани, Никодин, Тројаци и секаде каде што ќе го повикале. И, се знае, се работело и се работи без пари, само за здравје.

**К. Ристески**